СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 17 септември 1991 година

Скопје, септември 1991 година

**ДИСКУТАНТИ НА 23-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 17.09.1991 г.**

1. АБДИ ФАИК - 31
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 19, 39, 100
3. АНДОВ СТОЈАН - 47
4. АНДОНОВ ЈОВАН – 9, 34, 53
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 55
6. АЛИУ ЕШТРЕФ - 109
7. АРСОВ ДРАГИ - 35
8. БОШКОВ ЈОРДАН - 102
9. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 43
10. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 79. 98
11. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 22, 35, 40, 77
12. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО - 44
13. ДИМИТРОВА РАТКА – 5, 46, 54, 67, 98
14. ЖУТА БЕЌИР - 78
15. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР - 111
16. ЈОВАНОВ РИСТО – 80
17. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 66
18. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 56
19. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 104
20. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 3
21. ЛИЧОВСКИ ВЕЦКО - 27
22. МИНОВ ПАНЧЕ - 54
23. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 99
24. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 14
25. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 32, 82, 94
26. ПЕТРОВ ТОДОР – 11, 12, 15, 48, 58, 65, 66, 81, 108
27. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 18
28. ПОПОВСКИ КИРО - 101
29. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 58
30. СПИРОВСКИ АЦО – 4, 7, 75
31. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 16, 19, 84, 86, 95, 96
32. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 10, 13, 71
33. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 16, 48, 58
34. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 21, 41, 68, 91, 93
35. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ – 25, 52
36. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО – 2, 3, 37, 87, 90
37. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 56
38. ШИКОВСКИ МИЛОВАН – 57, 59, 97

крај

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17.09.1991 год.**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 22,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андон, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници ја отворам Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието, и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница, поканети се претставници на:

1. Владата на Република Македонија, и
2. Републичката комисија за референдум.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат).

Во решението за свикување на седницата видовте што се предлага за дневниот ред на онаа седница. Предлагам некако да се договориме и да го измениме тој дневен ред.

Предлагам, во договор со Претседателството, на онаа седница, на Дваесет и третата седница да работиме по дневен ред во кои ќе разгледаме само две точки, и тоа Декларацијата која Ви е поделена и

мислам дека Извештајот Ви е поделен и Становите на Советот за народна одбрана.

Другите предлози за дневен ред што се содржани во решението ако може, да се договориме да ги разгледаме на 24 седница и евентуално другите предлози кои Iсе бидат дојдени. Тие предлози не се од карактер да мора денес да се разгледаат, а овие две точки не би требало да трпат одлагање.

Дали може така да се договориме?

Прва точка од дневниот ред е Верификација на мандатот Петре Трајановски од изборната единица Македонски Брод.

Дали може така да се договориме?

**БРАНКО ЦРВЕНКОНСКИ:**

Мислам дека со овој предлог воведуваме една досега невообичаена пракса во работата на Парламентот. Ние имавме благовремено доставен дневен ред за 23-та седница . Нормално, во меѓувреме се наметнуваат нови точки кои треба да добијат приоритет, ние за тоа можеме да поразговараме, да дојдат на дневен ред сега при утврдувањето на дневниот ред да ги ставиме како прна,втора точка итн. Меѓутоа, мислам дека можеме да го укажиме и досегашниот принцип на работа, а тоа е следниот: Да оди дневниот ред вака како што беше предложен од 23-та седница, да се договориме кои се тие приоритетни точки кои треба допрва да дојдат на дневен ред денес и да почнеме со работа и да работиме до оној момент додека оценуваме дека е целисходно, а можеме да се договориме и за прекин на седницата и продолжувал>е во некој нареден термин.

**СТОЈАН АНДОН:**

Може и така, ние и таа варијанта ја имавме предвид.

**БРНАКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека е благовремено доставен дневниот ред, дека секој од пратениците ги имаше материјалите, се подготвува за онаа седница, мислам дека сепак е подобро да одиме на тој принцип кој и досега го укажувавме постојано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вред е, можеме и вака да постапиме, тоа ќе ни одземе малку време во расправата по дневниот ред бидејќи е доцна ние мислевме, ако се договоривме за две точки, тогаш нема расправа за дневниот ред, туку веднаш да се договориме и да минеме на овие две точки .

Инаку овој метод кој е сосема исправен, што Бранко Црвенкоски го заговара ние не го оспоруваме, меѓутоа, постои опасност за утврдување на тој дневен ред денес да се изгуби повеќе време. Инаку пак тие точки што ќе ги утврдиме надвор од овие две точки за кои предлагавме ќе се расправа некаде да кажеме на почетокот на идната недела од неколку причини, односно има доста причини кои сега не би ги образложувал.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Во целина се согласувам со дискусијата на пратеникот Бранко Црвенкоски и сметам дека треба да работиме по тој принцип. Воедно, од претседателот на Собранието барам едно добро образложение зошто ние чекаме од утринана од 10 часот. Имаше разбирливи причини зошто до пладне можеше да се чека, чекаме до 10 часот навечер, а сега велиме дека немаме време за утврдување на дневниот ред. Сметам дека треба да одиме по тој принцип, да го утврдиме дневниот ред, да ги најдеме приоритетните точки за расправа, да почнеме да расправаме по две по три точки по колку ќе се договориме и де продолжиме утре или на почетокот на идната недела.

**СТОЈАН АНДОВ**

На а госпоѓа Лазаревска образложението и е многу добро познато, ако треба пак ќе го кажам и тоа е неколку пати овде кажано.

Ние денес на дневен ред имаме две многу значајни точки, Становите на Советот за народна одбрана е точка дна од дневниот ред, мислевме дека е неопходно да биде овде и претседателот на Владата и министерот за Народна одбрана и нашите информации беа дека е можно, ако седницата почне во 20 часот денес тие да присуствуваат. Такви информации имавме.

Во 19,30 часот овде се доставија други дополнителни предлози од групата на ВМРО-ДПМНЕ и тоа и е исто така познато на госпоѓата Лазаревска и после 20,00 часот доцнењето беше заради комисиите што мораа да работат, па добивме информација дека во 22 часот ќе дојдат претседателот на Владата и потпретседателот на Владата, вршителот на должноста министер за Народна одбрана. Затоа, закажавме, кога веќе мора да се води постапка по предлозите на ВМРО ДПМНЕ, постапката заврши околу 21,20 часот, да почекаме до 22 часот и тие да бидат тука. Меѓутоа, сега не информираа, заради причини кои сосема даваат објаснување зошто така се случило, утре околу 12 часот може да стигне претседателот на Владата и потпретседателот на Владата, вршител на должноста министер за Народна одбран; Затоа, ние денес мораме да работиме, толку не би можеле да чекаме. Ете тоа е објаснувањето.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Сметам дека треба сериозно да се разгледа предлогот од Пратеничката група од ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи, господин претседателе, со овие точки кои ги нудите на дневниот ред, освен она Собрание по исцрпаа расправа да донесе заклучоци, не гледам некој друг момент, кој би бил

значаен во онаа ситуација за Македонија. Освен заклучоци по онаа дискусија, што нудите. Ние излегуваме со предлог на Закон. Молам по тоа да се произнесеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие барате да одиме на утврдување на дневниот ред, како што бараа пратениците Бранко Црвенкоски и Билјана Лазаревска.

Во ред е, можеме.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Мислам дека се очигледни недостатоците во планирањето на седниците. Точките кои пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ ги предлага се многу одамна предложени и разгледани од Владата, така што тука нема пречки, а претпладнето ако ние не можевме другите точки да ги разгледаме, за што е чудно бидејќи се знаеше и за отсуството на премиерот и на потпретседателот, можевме да почнеме со другите точки на дневниот ред што беа, така што сметам дека е недопустливо, скоро системски вакво планирање на седниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Жалам што госпоѓа Димитрова не согледува дека прво треба да се утврди дневниот ред па потоа да почнеме со некои точки. Ние денес ве можеме да утврдиме дневен ред, ако не постапевме вака како постапуваме сега, а ВМРО-ДПМНЕ денес во 19,25 часот ги даде своите предлози, а не порано.

Да одиме понатаму.

Го имате предлогот на решението.

Предлагам дневниот ред за денешната седница да го дополниме со Мислењето и становите на Советот за прашања на Народната одбрана во врска со упатувањето на регрутите од Република Македонија во ЈНА за месец септември 1991 година и Предлогот на декларацијата што по повод

плебиецитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна Македонска држава треба да ја донесе собранието.

Молам кој е за овој предлог, молам да крене рака.(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? ( 3 пратеници).

Констатирам дека Предлогот за уврстување на овие точки во дневниот ред е усвоен.

Ве известувам дека Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ непосредно пред почетокот на седницата,односно во 19,25 часот достави предлог за дополнување на дневниот ред за онаа седница со:

1. Предлог за донесување по итна постапка на Законот за неприменување на Законот за изменување и дополнување на Законот за воената обврска со Предлог на закон,

2. Донесување на одлука со која за врховен командант на Територијалната одбрана на Република Македонија во мир да се именува претседателот на Република Македонија,

3. Се задолжува Владата на Република Македонија да ги превземе сите активности и дејствија за заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Предлогот Ви е поделен.

Со оглед дека само по првата точка имаме добиено материјал предлагам претходно да раскраваме за потребата од итно донесување на овој закон.

Другите две точки од предлогот на ВМРО ДПМНЕ ќе бидат ставени на дневен ред кога ќе бидат доставени материјалите.

Предлогот за донесување по инта постапка на Закон за неприменување на Законот за измени и дополнувања на Законот за воена обврска, со Предлог на закон го разгледа Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана.

Го имате извештајот на Комисијата.

Го молам претставникот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да укаже на основаната и неодложна потреба од итно донесување и на штетните последици што би ги предизвикало одлага&ето на донесување на закон за измени и дополнувања на законот за воена обврска.

Има збор претставникот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Предлогот за донесување на законот за неприменување на Законот за измени и дополнувања на Законот за воена обврска со Предлог на закон, како што Ви е познато, веќе е актуализиран на неколку претходни седници. Сметаме дека овој Закон треба да се разгледува на онаа денешна седница од следните причини:

Несомнено да се даде и одговор во врска со овој Закон јас ја користам и онаа прилика и воедно се извинувам што претходно не најавив, а тоа го барам и од претседателот на Собранието да ме извести на кој ден се планира седница на Парламентот, на која ќе биде донесен Уставот на Република Македонија. Сметам дека во контекстот на прашањето кое сега ќе се разгледува подлежи онаа проблематика како дел од Уставот. Барам тоа да се дефинира на онаа седница, да се каже девот кога ќе биде прогласен Уставот на Република Македонија.

Инаку, да укажам и на тоа дека и она прашање е во рамките на уставот, бидејќи уставот ги разгледува сите прашања, и она, меѓутоа, состојбите во републиката не дозволуваат натамошни одлагања на овој Закон. Сметаме дека е приоритетен, дека мора да се расправа на онаа седница. Имаме горко искуство со неприменувањето на овој закон, а сметаме дека огромен легитимитет постигнавме со референдумот за нашата сувереност, легитимитет имаме. за донесување на овој закон, тоа ни го даде нашиот референдум и мора да се расправа токму во овој момент за овој закон од причина што се загрозени животите на нашите војници.

Во однос на Законот за воена обврска, како што претходно кажав, не знам од кои причини, она Собрание не сака да го разгледува, не ми е позната колебливоста што ја пројавува овој Парламент со секое инсистирање на одлагање на овој закон. Сметам дека, и да го донесеме овој закон, и ако очекуваме некој договор да се постигне во идниот Сојуз на суверени републики односно држави на идна Југославија, сметам дека нема воопшто да пречи донесувањето на овој закон, затоа што одредбите со кои ќе се регулира онаа материја ќе бидат апсолутно застапени, по мое мислеше, во идниот Сојуз. Ќе биде одбраната, мобилизациските работи, регрутните работи, ќе биде право на секоја република. Секое поинакво решавање ми се чини дека е враќање на проблемот назад. Јас сметам дека Републиката со тоа ништо ве губи, се здобива со својата легитимност,го има тоа право, тоа право беше изразено на референдумот. Не случајно го организиравме референдумот, тоа ни го даде тоа право и ние веќе мораме со нешто конкретно да почнеме во заштита на нашата држава. Она е само еден дел во кој треба да се почне а понатаму ќе следат и другите закони. Ние неслучајно ги баравме уставните закони, меѓутоа се определивме на

Уставот и не случајно барам да се дефинира рокот кога Уставот треба да се донесе, затоа што кажавме ако не се донесе Уставот, тогаш ќе бараме примена на уставните закони. Во таа смисла да се сфати моето излагање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да слушнеме мислење на претставникот на Владата.

**ЈОВАН АНДОНОВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, со оглед на тоа што предлогот на ВМРО ДПМНЕ дојде доста доцна, сметајќи на тоа дека седницата на Собранието треба да почне во 20,00 часот, ние не бевме во можност детално да го разгледаме тој предлог а бидејќи порано имаме заземено одредени станови кои ви се презентирани, не би сакал да ги парафразирам, туку дозволете да ги прочитам.

"Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17 о9., го разгледа Предлогот на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ за донесување по итна постапка на Закон за неприменување на Законот за изменување и дополнување на Законот за воена обврска, со Предлог на закон и притоа заклучи да го извести Собранието на Република Македонија дека Владата останува на ставот што го донесе на седницата одржана на 30.08.1991 година, со кој се предлага Законот за изменување и дополнување на Законот за воената обврска да се донесе по скратена а не по итна постапка, односно во текстот како што е предложен со наше писмо број 23-90/306 од 21.08.1991 година".

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана попладне расправаше и одржа две седници. Едната седница во 18,30 часот, а другата во 19,30 часот. Извештајот од Комисијата за ОНО и внатрешна политика по повод предлогот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го имате пред нас и може веднаш да се уочи дека за разлика од вообичаените извештаи малку е карактеристично.

Прво и основно е дека во Извештајот на Комисијата, Комисијата целосно го поддржува Мислењето на Владата што го има искажано во однос на претходниот нивен Предлог на закон и на пратеникот Тодор Петров што беше во претходна постапка и процедура. Откога заврши седницата на Комисијата истовремено пристигна и Мислењето на Владата, за кое досега зборуваше и потпретседателот Јован Андонов кое во целост коинцидира со претходното мислење на Владата донесено, а тоа е дека овој Парламент практично треба да расправа по законот не по итна, туку по скратена постапка.

Од тие причини, ваквото мислење искажано, целосно се поддржува и Мислењето на Владата, а исто така мора да кажам неколку збора и за тоа дека ние како Комисија бевме доведени во една ненормална ситуација да работиме. Прво предлогот е стигнат во 19,30 часот, откога непосредно заврши претходната седница на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и постоеше одреден револт кај членовите на Комисијата дека на ваков начин се постапува со една сериозна материја за која предлагачот имаше можност во текот на целокупниот ден денес, ако имал намера по она прашање да реагира благовремено, тоа да го стори. Ние се доведуваме во ситуација да се изведуваме од нормалниот контекст

на работа, од нормалниот деловнички контекст на работа и да се доведуваме во ситуација да разгледуваме прашања со оглед дека се работи за материја од суштинско значеше пред се, за Републиката, во вакви сложени услови во какви што се наоѓаме, во услови кога Комисијата констатира дека надлежните ресорни претставници на органите не се присутни, тоа е потпретседателот на Владата и вршител на должноста, министер за народна одбрана, а исто така и претседателот на Владата, Комисијата практично го имаше и тоа во вид и го поткрепи мислењето на Владата дека треба да се оди во ваква процедура.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека треба да бидеме искрени пред самите себеси и пред целата македонска јавност и да кажеме дека законот не сакаме да го донесеме. (Аплауз).

Зошто го кажувам она. Она го кажувам заради тоа што или Службата затајува на Собранието, или за инат некому нешто од она што му следува како пратеничко право му го скратуваме. Проблемот е сега дали законот да го донесеме бидејќи е доставен во 19,30 часот. Меѓутоа, мојот предлог за свикување на наредна седница на Собранието е доставен уште на 2 септември во кој предлагам и кој го добија сите пратеници, во точка 2 предлагам да се стави на дневен ред предлог за донесување закон за неприменување на Законот за изменува&е и дополнување на Законот за воената обврска. Што значи, ако предлогот на Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ е од итен карактер предложен во 19,30, тогаш предлогот на пратеникот Петров е доставен уште на 2 септември, обновен предлог, а првиот предлог на пратеникот Тодор Петров е доставен на 21 август. Тоа што Владата не си ја извршила обврската да даде мислење и тоа што ние

во работните тела не ги проследуваме предлозите на сите пратеници во рамноправен третман, тоа е проблем за расправа. Затоа сметам дека ако бараме причина дали Комисијата ги имала во предвид фактите дека треба да се одложи овој закон, бидејќи претседателот и потпретседателот министер за народна одбрана не се присутни, тогаш &е го постанам и прашањето. Ако седницата сме ја одлагале до 10 часот за да ги сочекаме двајцата функционери, дали има смисла да расправаме по втората и третата точка кога воопшто не се ни присутни. Незнам зошто Службата не обезбедила досега информации дека претседателот и потпретседателот на Владата нема да бидат присутни и во овие доцни вечерни часови, кога јас уште во 12 часот знаев дека нема да бидат присутни.

**СТОЈАН АНДОН:**

Немаше никаква информација дека нема да бидат присутни. Тоа е некоја тајна информација со која вие располагате.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Затоа предлагам бидејќи законот го имав предложено за 23 седница, направивме една претумбација за 23 седница утврдивме две точки на дневен ред, всушност се предложија две точки Декларацијата и становите на Советот за прашања од општонародната одбрана, предлагам или законот да биде ставен на онаа седница, ве по итна постапка, туку по предлогот на ВМРО ако биде одбиен, туку по предлогот на пратеникот Тодор Петров кој е во нормална процедура даден, или доколку не се стави на дневен ред, да се стави на 24-та седница,. бидејќи ги променивме самата работа на Собранието, но веднаш утредента или кога ќе ја продолжиме. Меѓутоа, сметам дека едно вакво неодговорно однесување и

изнаоѓање причини  воопшто ќе се одржливи. Исто така ја поставувам во прашање целисходноста на одржувањето на седницата, заради неприсуството на претседателот на Владата и потпретседателот на Собранието.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Со целото почитување према господинот Тодор Петров, но ако внимателно се следеше мислам дека провејува една нишка на несериозност и неодговорност по однос на вакви определби. Комисијата, овластен сум од Комисијата да кажам, доколку овој Парламент смета дека треба да се стави точката на дневен ред, прво да ја стави точката на дневен ред и повторно да даде објективна можност Комисијата да работи во нормални услови. Да и се обезбедат нормални услови за работа, да и се обезбеди минимум еден саат време за работа, да го разгледа материјалот и да даде сопствено мислење, ако овој Парламент одлучи така. Во однос на одредени забелешки дека вие сме се понеле несериозно према тоа прашање, мислам дека најсериозно се понесовме, притоа имајќи ги предвид сите одредби кои се однесуваат на работата по однос на Деловникот за работа на она Собрание. Мислам дека било какви причини не можат да ве натераат она Собрание да работи мимо нормативната и процедурата што е утврдена за работа. Самата процедура не е само проста форма, туку е гаранција дека она Собрание ќе носи квалитетни и демократски одлуки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно објаснување. За тоа Владата овде што има предлози, или она што треба Владата да даде мислење, ние сме во секојдневен контакт

со Владата. Го молам и потпретседателот Мурати да извести за разговорот со потпретседателот Ристовски кој врши должност министер за народна одбрана тој разговараше пред заминување на пат токму по она прашање, по предлогот на Петров и по сите овие работи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници во рамките на донесувањето на овој план за работа на Собранието до крајот на годината во кој се елаборирани сите активности, задачи и обврски по кои треба да се расправа во она Собрание, имавме обврска да разговараме со потпретседателот на Владата и министер на должноста за народна одбрана за сите овие закони кои подолго време се присутни во Собранието и се доставуваат од страна на ВМРО-ДПМНЕ и од независните пратеници постигнат е договор дека Владата води сметка за сите активности, за сите закони по кои треба да се изјасни да дава мислење, да води сметка за динамиката и фазите во кои треба да се донесуваат тие закони и според тоа беше заклучено дека во моментот кога ќе биде потребно да се достави овој закон тие се спремни тоа да го направат така како што треба во согласност со Деловникот за работа на Собранието и со другите акти кои се спроведуваат тие заклучоци. Она беше договорено заеднички со министерот, односно со вршителот на должноста министер за народна одбрана и потпретседател на Владата и секретарот на Собранието. Според тоа, евидентен е фактот дека овие закони повеќе пати се ставени на дневен ред и точно за тоа што и независниот пратеник Тодор Петров истакна дека се достави на 2 септември, на 21 август и поведени од тие причини стапивме во контакт и од контактот е овој заклучок дека се води сметка и за фазите и за динамиката кога треба да се донесат и по кој основ по скратена или по итна постапка. Она беше потребно да го објаснам дека ве се седи без бара&е излез за решенијата и постапките.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го почитував потпретседателот на Собранието и сакав да дадам една исправка на излагањето на претседателот на Комисијата господинот Наќе Стојановски заради тоа што не изразив сомневање заради несериозност за работата на Комисијата, туку и да не беше предлогот на ВМРО-ДПМНЕ, предлог имав во нормална процедура поднесен уште од многу поодамна, за кој службите за што примаат средства и плата биле должни да го достават до Комисијата, за да не биде Комисијата ставена во неповолна положба до 19,30 часот да разгледува предлози по итна постапка. Што се однесува до Планот, ние може секаков план да донесеме, меѓутоа, ако ургентноста на некои прашања наведува одделни точки од тој план бидат разгледувани и предвреме во утврдениот или предложен термин, тогаш може и тоа да се отстапи од Планот, тој е план, не е задолжителна обврска за извршување на некои задачи и токму заради тоа сметам дека предлогот кој што е даден и за кој пак ќе се каже и за мојот предлог нема мислење и затоа нема да се разгледува, сметам дека не е несериозност на работата на Комисијата, туку е несериозност на Службата на Собранието, па би рекол и на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата по тие такви предлози има став во едно друго писмо овде мислењето што го вградува за Планот за работа на Собранието на Република Македонија и на крајот се вели: "Во врска со актите што треба да се донесат за одговорност и самостојност на Република Македонија, Ве известуваме дека тие ќе бидат изготвени во динамика и во зависност од условите на општествено- економскиот и политичкиот развој во Републиката и ќе бидат пуштени во постапка. За овој закон е обавен

посебно разговор пред да одат на пат потпретседателот и вршител министер за народна одбрана и тоа е мислењето нивно. Тие имаат оценка кога треба да го пуштат во постапка. Затоа тие имаат мислење не да се пушти во постапка кога господинот Петров предлага, но кога Владата ќе предложи.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека имам утврдено една практика кога работиме во овој Парламент, тоа досега се почитуваше па се утврдува дневен ред и откога ќе се утврди дневниот ред нормално беше дека комисиите надлежни за прашањата од дневниот ред заседаваат и заземаат свои станови.

Во онаа смисла сакам да укажам дека известувањето на известителот на Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана господинот Наќе Стојановски со право бара да се утврди во дневниот ред предлогот на ВМРО-ДПМНЕ, за да може Комисијата да расправа во рок од еден саат, што значи ја прифаќа утврдената практика дека прво треба да се прифати прашањето од дневниот ред, за да може Комисијата да расправа. Во таа смисла известителот има поддршка апсолутно од предлагачот на законот што е даден. Исто така, сакам да укажам дека не ми е познато од кои причини членовите на Комисијата од ВМРО-ДПМНЕ не беа повикани на онаа седница.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој закон дали треба да оди или не треба да оди. Дали треба да оди по скратена или по итна постапка. Господа, сведоци сме за едно собите што се случи, затоа што еден непослушен министер овој закон го повлече пред ЗПК тој отиде од редоните на Владата. Таа Влада сега да ни донесе пак да

каже дека треба да оди по скратена постапка или по она. Армијата не ни прави ни скратени ни долги постапки, туку си прави што сака. Дали ние ќе имаме смелост или не, дали ќе бидеме држава или не тие не не прашуваат. Едноставно зедоа 2000 момчиња и ги однесоа каде се водат, каде меѓу дна национални народа се води војна. Она е во прашање. А дали господин Стојановски имал време да расправа по овој закон или не, дали имал место или не, тоа е сосема споредна работа. Овдека е проблемот во тоа дали ние ќе застанеме на силата што ја пројавува Армијата. По мое длабоко уверуваше сака да ни докажат дека навистина се сила. Едни од овде одведуваат, а други доведуваат, што имаме податоци што се пополнуваат тие места на Македончишата и со Срби и други определени на страната на Армијата. Треба она да го цениме. А дали ќе биде скратена или итна постапка, тоа не е многу битно. Еднаш мора да кажеме дека сме држава и до кога веќе ајде нека ни каже Владата. Владата е една од тие што има право да поднесе Предлог на закон. Другите се група на пратеници и самиот пратеник.

Јас мислам дека ако сакаме да размислуваме и да работиме како Парламент на една држава независна, треба малку да се поосвестиме и да ги запреме војниците да се однесуваат слободно како мислат тие. Со вакво наше однесуваше тие се однесуваат уште поарогантно. Нас не убедуваше претседателот што отиде од овде дека има договор да не ги носат. Командата на Третата воена област изјавува дека тоа никогаш не било разговарано, ниту таква спогодба е постигната. Се прашувам сега дали сме вие Парламент, или се тие сила.

**СТОЈАН АНДОН:**

За овие проблеми што зборува господинот Стојановски ние имаме точка на дневен ред. Имаме сканови од Советот за народна одбрана.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Прво во врска со забелешката би рекол и една инсимулација од пратеникот Томе Стевковски дека намерно не биле известени за втората седница на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана. Ние одржавме во 18,30 прна седница на Комисијата во врска со становите и мислењата на Советот за народна одбрана на која беше присутен и Борис Змејкоски. Тогаш со ништо не беше напомнато дека се подготвува таква иницијатива или во тој момент во 18,30 беше поднесена таа во врска со Законот за неприменување. Тоа е едно, и второ, не можеме ние пратениците да ги бараме или да ги собираме со милиција. Мислам дека тука беше Службата должна и таа тоа го направи и бараше по бифиња и обезбедиме кворум, така што ве станува збор за смислена провокација да се дистанцираат пратениците на ВМРО во составот на Комисијата.

Второ, морам да забележам на излагањето на господинот Томислав дека излезе од контекстот, тоа е проблематика што впрочем објасни и претседателот за точката која што е во врска со становите и мислењата на Советот за народна одбрана и мислам дека нема потреба овде пред јавноста тиради да се прават, бидејќи колку што знам Томислав Стојановски не го ни забележав во салата кога беа сите граѓани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Драги пријатели, јас на господинот Поповски му замерувам и не треба да го одговорам да бидам на негово ниво, зборот "тирада" значи "празна слама". Ако тој има такво воспитување и однесување, му благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за воспитанието овде не дискутираме и тоа не е во ред. Немојте така. Ве молам без лични навреди.

За збор се јави господинот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Мене ме чуди еден факт господа и госпоѓи. Ние не ги гледаме аргументите пред очите, туку гледаме да се расправаме дали е законски или не е законски. Дали тоа е програмирано или не е програмирано. Ние не сме програмирани, ние сме избрани од народот, кој денес бара од нас искрено да му кажеме сме за законот или не сме. Ако сме за законот, тогаш ги прекратуваме маките да тие што ни се берат по улиците, на мајските кој плачат, на татковците и браќата. Знаете на што ми личи она, ме враќа во годините кога бев помлад во гимназијата, кога учевме за турското ропство. Идеа Турците, ги собираа децата и ги праќаа во Стамбол за јаничари. Плачеа мајките, дедовците, татковците, родителите, Турците, каравнот врви за Цариград со дечиња. Сега денес кога мислиме дека создаваме држава, а ја создадовме државата, имаме основа со Референдумот да го донесеме законот под најитна постапка. Со тоа на господата од север, на господата од Армијата, ќе го скратиме патот ќе му ги скратиме правата да ве можат да ги земат децата од 18 и 20 години. Затоа што тие деца на 18 и 20 години знаат мајките и татковците како ги доведоа до тој степен на

возраста. Реков аргументите зборуваат, не зборуваат програмите, ние денес, драги господа и госпоѓи треба малку да се замислиме дали треба по кратка постапка или под итно. Јас секогаш бев за тоа што второ го објаснив. Секогаш стоев на становиште дека она сега ќе се донесе. Тоа се донесуваше малку подоцна. Помислете малку пред 1 месец односно 2 месеци кога тука од онаа трибина реков "сега ќе ја венчаме", а "ја венчавме" после 2 месеци. Ве уверувам дека во моментот кога Анастасовски зборуваше да се венча можеби не ќе беше таква трагедијата во цела Југославија. Да, па и можам да ви објаснам зошто, но тоа да го оставиме. Денес треба да решиме, драги господа, ако сме родители, ако сме вистински претставници на овој народ, ние треба да го донесеме законот, а тоа ни го дозволува Референдумот. Дури, јас одам малку подалеку врз основа на Референдумот ние можеме декларативно од онаа сала да бараме да се прогласи Македонија за демилитизирана зона. Со тоа ќе се ослободиме утре од сите тешкотии.

Молам, како родители сите пратеници денес кој сме тука, а го застапуваме народот и луѓето кој живеат во онаа земја да бидеме свесни дека народот тоа го очекува од нас законот. Незнам како ќе излеземе утре на улица. Не настапувам како пратеник на ВМРО, настапувам како граѓанин како човек кој утре треба да испрати дете во Армијата внуче.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Прво, иако не е прикладно она "венчавање”, ние ве ја венчавме, односно ја венчавме Македонија после 2 месеци заради тоа што

пратеничката 7 упа на ВМРО беше против тој Референдум и во 15 до 12 се согласија да се одржи Референдумот и тоа не држи дека некој бил против. Исто така, сега се сака да се налепи етикета дека некој е против донесувањето на законот. Ние сме против брзоплетото и на препад давање на закони, туку со низ една нормална процедура и во оној момент и време кога ќе се оцени дека е тоа потребно и момент е треба да се разгледа и да се донесе тој закон. Исто така, колку да знае јавноста да не мисли дека овој закон многу работи решана, овој закон ги суспендира одредбите на сојузниот закон, а ве ги враќа децата. Ако некој сака да каже дека ако го донесеме законот утре сабајле децата ќе се вратат. Тоа не е точно бидејќи во законот не пишува таква работа, дури и да пишува не обврзува во Југославија никого да ги врати децата, туку нашите напори низ политички договор како што ги правиме и досега и понатаму ќе ги вратат децата, односно да се постави мир во Југославија за кои се бориме и ние и целата Европска заедница.

Според тоа, немам никаква причина да се кажува дека некој не е за овој закон. Исто така, треба да знаеме она што го бара законот ние прагматички таа работа ја сторивме. Евиденцијата е во наши раце и септемвриската класа ве отиде. Затоа, според тоа незнам што е потребата сега, дајте бргу да го донесеме законот во 7,30 да се достави, во 8,30 да се усвои законот. Мислам дека нема причина вака да се^заоструваат работите и да продолжува предизборната кампања и рекламирање на партиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Имам една кратка реплика на господинот Џаферовски што се однесува околу тоа дека ВМРО-ДПМНЕ била за Референдум или не.

Инсинуациите, за жал, продолжуваат. Пред некој ден прочитав во еден независен весник дека цело време ВМРО било против Референдумот Вие знаете дека овде водевме долготрајна битка самит кажавте 15 до 12. Меѓутоа, ние сакавме да се почитува уставно- правната регулатив што ја има сеуште постојниот Устав на Република Македонија. Сега ми се јасни некои работи и спреги на некои партии или на дел од некои партии со некои средства за јавно информирање таканаречени независни. Импутацијата дека ВМРО-ДПМНЕ била против Референдумот и понатаму продолжува. Ние се изјаснивме за Референдумот, меѓутоа со почитување на една уставно- правна регулатива. Донесовме одлука и зошто гласавме во 15 до 12, па што мисли овој Парламент овде, дали ќе беше добро овој Парламент овде да се поделеше и македонскиот народ да го поделиме, туку изгласавме со акламација и тоа на предлог на наш претставник од нашата партија. Мислам дека тоа беше мудра и добра одлука. Инаку, дека сме биле против Референдумот мислам дека не држи и нека престанат и средствата за јавно информирање да импутираат дека ВМРО била против Референдумот. Тоа не држи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледно е дека темите се помешаа. Јас ви предлагав да се овозможи да се работи.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Точно е дека документацијата беше одземена, а тоа не беше доволен повод и провокација да избие војна во Македонија. Она го кажав заради тоа што постојано се сугерира на јавноста дека се што може по законска основа да ја потенцира воената позиција на Македонија по Референдумот, ќе биде доволен повод некој да интервенира. Што значи одлуката да не одат регрути. Нели е тоа исто така повод за интервенција. А, не се плашиме туку сме сигурни дека сме во право да г.. направиме. Или понатаму во тој смер

на прашање, како може да се донесе таква одлука, која што исто така е спротивна на сојузните закони без законска подлога. За мене е логично денес д биде на дневен ред ставовите на Советот за народна одбрана, исклучиво ако има законска подлога. Мислам дека овој закон треба да се донесе, но да дадеме подлога и на таа одлука што ни се сугерира.

Да го потсетам Парламентот на тоа што и господин Стојановски го кажа, овде еден министер изгуби ресор затоа што повлече по законот и Владата како најголема причина за отповикувањето наведе дека тој постапил спротивно на македонските интереси. Бидејќи незнам дали ќе преовладее разумот да се постави на дневен ред па потоа со аргументација да се спори околу донесувањето на законот, затоа без да бега од темата ќе се дозволам уште неколку кратки размислувања како аргументација, зошто треба да се дозволи да се постави да биде на дневен ред законот. Заради тоа што сметам дека ако постои сценарио за отворање на јужен фронт Македонија колку мудро да постапува и да не дава повод, таа друга страна ќе го смисли и ќе го спори не може ние да се одбраниме од таква провокација и од стварање на таков повод доколку е тоа толку реална објективност. Исто така се сугерира дека не е потребно во Македонија да се донесуваат закони, бидејќи беззаконие владее во Југославија, па и овака ве се почитуваат законите што сите други републики ги донесоа. За мене тоа ве е прифатливо од причина што самиот можен излез го поставува прашањето дека со ангажирање на Европската заедница и на земјите кои што имаат демократска, пред се правна традиција ќе дојде до разврска на југословенската криза. А тоа претпоставува дека тие земји најпрвин ќе ја констатираат правната фактичка состојба на сите акти што секоја република ги има и ќе судат кој што бара според охјг што го бара. Ние невнимателно

оставаме простор онаа страна од која што се плашиме дека може да ја дестабилизира Македонија, ја оставаме и без морална одговорност на тоа што го чини. Таа, мораме да признаеме дека во овие моменти воопшто не крши никакви републички закони на Република Македонија. Ние мораме да ги создадеме тие, ако не друго моралните препреки за оние кои што мислат да ја дестабилизираат Македонија.

Исто така сакам да бидам полемичен, затоа што припаѓам на политичка партија која што опозиционо промовира своја работа дека не сум сигурен дека Европа навистина ги познана македонските интереси односно не сум сигурен која позиција на Македонија Европа ја познана. Но, бидејќи тоа на некој начин излегува од контекстот на она прашање, не сакам да го злоупотребувам нашето внимание.

На крајот да завршам со една лична констатација на едно непријатно чувство кај мене дека македонската држава денес си дозволи едно политичко лицемерие да ги испрати избезумените родители сами да ги решаваат своите проблеми во непознато, да ни се случи тие да имаат неизвесна судбина деновиве на пат низ Југославија. Во ситуација кога македонската држава мораше, за жал да покаже потполна немоќ дозволи еден проблем да го префрли на друг терен, македонските граѓани приватно да решаваат проблеми кој се во сферата на државата. Со тоа сакам да заклучам дека законот треба да биде денес на дневен ред, ако не друго заради демократски принципи и за развој на демократијата во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, мислам дека е време да прекинеме со ваква расправа каква што водиме Ние утврдуваме дневен ред, при тоа утврдување и нашето појавување на говорницата често пати можам да кажам дека ја злоупотребуваме, непотребно подигаме тензија, непотребно имаме празни одови во работата. Никој не е против тоа законот да се донесе. Станувашe збор само за тоа дали по итна или по скратена постапка. Овде станува збор само за тоа дали се приклониме кон предлагачот кој најдобро знае која постапка му одговара за да се донесе законот или да се приклониме кон барањето на пратеничката група од ВМРО-ДПМНЕ тоа да се носи по итна постапка. Според тоа, треба веднаш да преминеме на изјаснува&е, дали ја поддржуваме Владата како предлагач, законот да се донесе по скратена постапка или не, или пак ако другиот предлог ако има мнозинство помине да се оди по итна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господа пратеници, јас имам сличен предлог како г-динот Ханџиски.

Деновиве не само родители туку сите граѓани на Македонија минуваат низ одредени драматични моменти. Нема семејство кое не е потресено. Денес цел ден се во исчекување, ја чекаат денешната седница, Ние настојуваме во некои процедурални и меѓупартиски надмудрувања, всушност одолговлекуваме на граѓаните да им соопштиме што овој Парламент ќе одлучи за заштита на младите граѓани од Македонија. Затоа, мислам дека треба да задржиме дигнитет и достоинство, во процедурални работи, мислам веќе такви експликации се направија што добар дел од гледачите и слушателите може да добијат впечаток дека девалвираме со вкупната политика што овој Парламент и онаа Република во целиот овој период ја водеше, а уште повеќе може да се доведе во прашање, наводно дека Републиката или претседателот, овој Парламент или Владата не направија максимални напори за заштита токму на тие млади граѓани. Доколку некои пратеници не се информирани, дури и за личниот ангажман и за претседателот на Република и за претседателот на Владата дозволете нека се расправаат па после нека говорат во овој Парламент. бидејќи целото население во Македонија не гледа и слуша.

Пратеничката група може 6и има еден предлог. Дозволете Владата да си има свое мислење и таа децидно и по повод на предлогот на ПДП и по повод на предлогот на Тодор Петров и по повод на ВМРО ДПМНЕ/ јасно и гласно го кажа денеска. Дајте за процедурална работа да ве отвораме широки расправи па да поврзуваме референдум, други отворени прашања, дајте тоа прашање, на сите ни е јасно, свесно да се определиме дали ќе го ставиме на дневен ред или не.

не лицитираме на овие работи, има сериозни предлози од Советот на Народна одбрана во функција на заштита на младите граѓани на Македонија и дајте за нив, за суштината да расправаме, а не цел час помина, граѓаните на Македонија се чудат, веројатно претпоставувам, не може да сфатат ваков неодговорен однос од наша страна. Цел ден пред своите телевизори чекаат да почне онаа седница Почнуваме со процедурални работи. Дајте за суштината да расправаме. Дајте Законот да го ставиме на гласање па да се изјасниме дали влезе на дневен ред или не и на тој начин да го расчистиме, а не по повод тоа ја доведуваме во прашање целокупната политика на Републиката што толку мудро и успешно се водеше и сите ангажмани што сите државни органи на планот на расчистување на односите со ЈНА, ги презеле, по повод велам Законот, а експликации даваме со дебели оценки со што го доведуваме сето тоа во прашање. Имаме точка, по неа можеме да дискутирам.

Предлагам, доколку пратениците се согласат да прекинеме со оваа дискусија, предлогот да се стави на гласање и да се утврди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Изгледа не е доволно тоа што досега се кажа. Ние за утврдување на дневниот ред најмногу зборуваме:

Има збор пратеникот Вецко Личовски.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Јас ќе ве заморам можеби малку, но верувам дека ќе ем сослушате, бидејќи не сум голем оратор, не можам многу да дискутирам, не можам многу да лажам, бидејќи таков ми е менталитетот Јас ќе ја кажам стварната вистина.

Што се однесува во однос на работата која што ја работиме ние во овој Парламент, поготово од времето на убиството на Сашко до денешниот ден овде во овој Парламент нешто се работи а таа работа, мене не ми е јасно бидејќи ве сум голем политичар, па за да можам да ја сфатам.

Денеска ние и не само денеска, туку и на седниците кои што досега ги имаме одржано ние никогаш не почнавме навреме и на време да завршиме. Зошто не почнавме. Постојано нешто се манипулира, се чепка и се исчекува, се закажуваат седниците во оној момент кога и не им е време да се закажат. Зошто велам не им е време да се закажат? Затоа што пред неколку време средствата за јавно информирање кажаа дека претседателот на Владата и потпретседателот нема да бидат овде, туку ќе бидат во Бугарија, на денешниот ден. Тоа се знаеше уште којзнае кога. Можеше седницата да се одложи и да се закаже седницата тогаш кога ќе биде претседателот на Владата овде и кога ќе можеме ние рамноправно да ги решаваме проблемите. Меѓутоа, не знам зошто се чекаше овој ден кога Владата требаше да замине односно кога премиерот требаше да замине во Бугарија. Утре, знаеме дека господинот на Републиката ќе оди во Бон, јасно ни е и тоа. Знаеме дека и тоа дека не може онаа седница да продолжи и натаму. Ние ќе мораме да донесеме одредени станови вечерна, ако можеме да донесеме. Меѓутоа со конфронтирање, со напаѓање, со било какви манипулации ние не можеме ништо да донесеме. Расправаме цело време за овој дневен ред, не само на оваа седница, туку и на минатите седници. Ние постојано, народот Македонски ако ве гледа и не слуша, го замараме. Го замараме. народот, овој овде што иде и се собира секојдневно. Се собира заради тоа што ги боли луѓето за одредената цел.

Јас, сега во овој момент кога велиме дека ќе донесеме некои одлуки ќе се заложиме за нешто, сметам дека сега, кога денес пратениците се во таква депресија, во такво исчекување што цело време до 10, 00 часот чекаме, еве и сега моментално не е претседателот дојден. Чекаме меѓутоа тоа чекање не го чекаме да кажуваме одредени вицови и некои други работи, туку сме преокупирани од луѓето кои што не следат, од луѓето кои што се собираат пред нашето Собрание. Сме преокупирани сот на работа. Јас сметам дека големата замор сега можеме да направиме да донесеме било какви решенија, како што го донесовме она решение кое што беше за законите, оние на 20-та седница. Исто така не знаевме за што се работи, гласавме и ги донесовме.

Што се однесува до донесување на Законот, јас сметам дека Владата не го имаше Законот сега предложен, како што ни беше презентирано, во 19,30 часот од ВМРО ДПМНЕ, туку тој закон беше предложен во времето кога требаше да си оди министерот за народна одбрана. Министерот за народна одбрана си замина, само за да не се донесе законот тогаш. Тогаш јас според моето лаичко размислување, сметам дека се изманипулира за да се зачути ВМРОДПМНЕ затоа што тоа предложи да се смени министерот поради неговите изјави. Се изманипулира со тоа што Господинот претседател на Владата предложи да се смени министерот и застанавме на тоа становиште.

Ако Владата го има предвид овој закон и онаа ситуација што ја имаме ние и од почетокот, која што ја познаваше проблематиката на македонскиот народ, на народот кој што плаче по своите деца, јас мислам дека немаше сега проблем на онаа седница да има дека треба да се донесе тој закон или не. Владата ќе презентираше и тој закон ние без никакви перипетии ќе го

донесевме. Меѓутоа тоа нешто се очекува, се мисли, а што се мисли не мие јасно.

Владата требаше да заземе станови во однос на децата кои сега се водат надвор. Ставовите на владата требаше на нас да ни бидат презентирани. Ако се плашиме од јавноста, можеме да кажеме на средствата за информирање дека ќе биде затворена и ќе ја кажеме стварната вистина, ние како пратеници овде, како легитимно избрани пратеници овде од народот, ќе ха знаеме стварната вистина која е. Не сме толку наимни. Ние ја гледаме и ја цениме ситуацијата. Целокупната ситуација ја гледаме, гледаме на ТВ, Јутел, гледаме, па дури има и некоја сателитска програма која што ја даваат Германците, даваат каква е положбата во Хрватска. Јано ние на сите, јасно му е на народот, јасно му е на секого дека овој народ не може да донесе така брзоплето, што кажува господинот од СК дека брзоплето не можеме да донесеме никакви одлуки. Меѓутоа тие брзоплети одлуки ве се сегашни. Тоа веќе неколку месеци се проткајува неколку месеци се донесува такви работи, се манипулира и никако да дојдеме до одреден заклучок, да најдеме заеднички јазик и да им кажеме на сите што нас не слушаат и гледаат дека е она вака, дека овој Парламент работи на ваков начин.

Што се однесува до Комисијата која требаше да заседава Комисијата ја знаеше проблематиката и порано. Таа молчеше да заседава и да донесе свои станови мимо она што е сега предложено. Таа требаше да има свои станови, требаше да го имаше тоа предвид ако се постапи така како ќе постапиме, ако не се постапи, како ќе постапиме? Ќе постапиме.

Што се однесува до поднесените точки од дневниот ред јас сметам дека и тие точки на дневниот ред ќе ги поминеме овака како што ни се бара да се поминат, затоа што тие се актуелни, затоа што народот чека на нив. Јас сумчза една таква работа да се дискутира, меѓутоа јас имам предлог ако се прифати тој предлог то тие точки, ако може, тука е претседателот на Републиката, може и ќе дојде и претседателот на Владата па н а затворена седница да ни ја кажат стварната вистина за едно вакво исчекување на овие работи кои што го чекаат македонскиот народ. Сполајви.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога е дадено решението за свикување на седницата никој не знаеше дека ќе дојде до посета на претседателот на Владата во Бугарија и Румунија. Тоа одговорно го тврдам. Претседателот на Владата не знаеше ниту ми кажа она што го кажува господинот Личовски не е точно.

**ФАИК АБДИ:**

Навистина имаме големи проблеми, денес доживеавме да ни се скршат прозорците и вратите на Собранието. Значи секој има проблеми, мајките, татковците, фамилиите итн.

Не сум јас голем оратор да ја употребам таа реченица, меѓутоа сите овде зафатиме место до 10 или 15 минути зборуваме еве часот е 11,20. Колку можам да следам во една парламентарна демократија во светот што се случува, вакви состаноци, седници се држат, колку што јас знам, може би грешам и дај боже да грешам само во услови на војна или во непосредна воена опасност. Ако е таква ситуацијата кажете да останеме и до сабајле. Ако не предлагам да се прекине седница, деновите не пропаднаа, ќе се собереме после ден- два- три, кога ќе има улови да работиме нормално, не сега.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Изразувам апсолутно несогласување со претходниот дискутант господинот Абди Фаик. Денеска беше народот цел ден тука пред собранието. Народот очекува од нас барем со некој акт да ги заштитиме нашите деца, да им влееме барем малку надеж и ако е потребно предлагам и цела вечер ќе оставаме тука и ќе ги решаваме проблемите. Па како не сме во воена состојба кога наши деца се на фронтот горе. Наши деца гинат секојдневно ни ги испраќаат во сандаци. Дали не е тоа воена состојба. Па две-три вечери ако треба ќе заседаваме.

Мене една друга работа тука малку ме интригира. Претходно бев малку овде во ходникот, гледам, одредени емисари трчаат пратениците да ги влечат пратениците ги влечат, да доаѓаат ќе се гласа,нема да се гласа, да бидат тука, па се сетив на еден натпис во "Пулс" каде што еден наш сојузен делегат , Хисен Рамадани има едно многу симптоматично писмо испратено. Јас верувам дека е тоа вистинито. Таму се корените на онаа денешна ситуација зошто за овој закон постои таков отпор од левиот блок, така наречен, што не ќе да се изгласа. Тоа е мое мислење.

Ќе ви кажам што вели господинот сојузен пратеник Хисен Рамадани.

Кога се гласа овој закон во сојузниот парламент многу знаеме дека не учествуваат сојузните пратеници од Словенија и Хрватска кои го напуштија Сојузниот парламент, а нашите пратеници, македонски ги дигнаа рацете за овој закон и тоа на кој начин ги дигнаа. Биле собрани сите сојузни пратеници каде што координаторот Милан Такева- Григореиевик и претседателот на народна одбрана, Апостол Арабелски? им рекле на нашите пратеници дека треба да гласаат од причини што се консултирани

високите политички раководители од Македонија. Не се именувани кои се тие високи раководители. Јас мислам и ќе барам, ако денес не се стави овој закон на гласање, ако успеат да не прегласаат, да се пролонгира овој закон на наредната седница или кога ќе биде поставен, ќе барам, да учествува и господинот Хисен Рамадани и сите сојузни пратеници да ни кажат кои се тие високи политички раководители, со име и презиме, од нашата Република што има угерилаел на сојузните делегати да гласат за овој закон. За мене овој закон е предавнички. Ние со овој закон и дозволуваме на ЈНА, која сите многу добро знаеме не е веќе ни југословенска,а уште помалку народна, нашите деца да ни ги носи на кланица.

**СТОАЈН АНДОВ:**

Веројатно има различни информации меѓутоа колку што овде мене ми е познато високите раководители и не знаеја кога овие закони се изгласани затоа што овој Собор работи независно. Вие знаете дека овој Собор не е на републики и покраини кој добива овде и ние да добиваме материјал.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Дали да гласаме? (Да гласаме)

Има збор господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа мене аритметиката повеќе ми лежи. Барем како што го толкувам излагањето на господинот потпретседател на Владата, 20 август онаа година Владата донела став како што слушнавме односно ваков закон да оди не под итна постапка, по скратена. Денеска е скоро цел месец потоа. Дали скратената постапка подразбира рок од еден месец, пола месец, пола година? Ако скратената постапка се задоволува со четири недели нема, господа пратеници од социјалдемократијата никаква пречка и вие сега да се согласите барем со утврдување на дневен ред. За нас тоа не е никаква обврска и вие потоа да гласате со "за".

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Јас мислам дека треба во принцип да се договориме вакви работи што не се во согласност со деловникот, пет минути до дванаесет уште еднаш да не се ставаат на дневен ред.

Второ, ако усвојувањето на овој закон можеме да го материјализираме уште утре, што значи може да ги вратиме војниците дома или да не испратиме други, тогаш јас лично се залагам и ќе го гласам законот. Ако не можеме немојте да направиме некој политички маркетинг тука.

Барам јасен став на Владата дали може да се материјализира или не. Ако не можеме џабе е да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака Андонов каже. Прашањето е упатено до Владата.

**ЈОВАН АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека сосема неоправдано ја плеткате Владата во овој создаден проблем. Владата се има изјаснето одамна за тоа, ви го има доставено Законот, се има изјаснето дека треба да се донесе по скратена постапка.

Што е сега проблемот? Каде е сега проблемот? Дали и во Владата или во нас? Ние немаме против законот да се донесе по скратена постапка. Тоа е наш став врз база на анализите и сознанијата што ги имаме. Некои велат дека треба да се донесе по итна постапка, повелете да не губиме време.

Во однос на гаранцијата од претходниот дискутант, мислам дека Владата таква гаранција не може да даде. Ако вие го донесете Законот дека ние ќе ги вратиме утре нашите војници од боиштето не можеме да гарантираме. Или ние да гарантираме како Влада Нам ви е познато дека евиденцијата е земена, меѓутоа, за резервистите не е земена, дека нема утре Армијата со своите методи да одземе дел или сите резервисти на вежба, ниту тоа можеме да го гарантираме. Јас сум убеден дека не постои жив човек што може тоа да го гарантира. Дајте, Ве молам ако го респректирате нашето мислење прифатете го ако не повелете како ќе одлучите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Беше друг предлог ако се сеќавате работно да ја поминеме онаа вечер. Меѓутоа немаше расположение.

Има збор господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Процедурално прашање предлагам поименично да се гласа нека пренесува телевизијата и нека се направи на првите редови групен портрет.

(Аплауз од редоните на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, во врска со овој закон за воената обврска морам да дадам некои други појаснувања што сметам дека овде се потребни да ги кажам пред да се изјасниме и пред да гласаме.

Не е точно тоа дека Владата не е запознаена со овој закон, дека ние и порано не сме го барале за донесување. Го баравме по итна постапка еднаш и затоа што се повторува ситуацијата и тогаш ние отстапивме тој да не се донесува по итна постапка само поради тоа што со истите тие аргументи што сега Владата се служи и претходниот пат се служеше. Ние тогаш пристапивме од таквиот предлог да отстапиме. Ефектите, како што гледате не уследија. Владата и понатаму останува по онаа инерција и на тој став.

Меѓутоа, овде сакам да одговорам и на забелешката упатена од пратеникот господин Џафероски дека веќе евиденцијата е одземена на затоа таа работа е завршена и сега ние не би требало овој закон да го донесуваме, работата е завршена. Не е тоа така. Само ќе укажам од кои причини се донесува овој закон.

Ако се осврнеме на содржината на што никој не обрнува внимание, а тоа е потребата во овој закон на која потреба и укажува, тоа се надлежностите што се однесуваат на регрутно- мобилизациските работи,

тоа е водењето на воената евиденција. Понатаму, во овој закон се опфатени прашања за упатувањето,пополнувањето на вооружените сили со воени обврзници и резервни воени единици. Управната постапка со воените обврзници, инспекцискиот надзор при спроведувањето на воената обврска во Републиката. Сето тоа со овој закон се обезбедуваат тие надлежности да ги врши Републиката односно Министерството за народна одбрана.

Уште еднаш велам дека, уште еднаш ќе кажам дека донесувањето на овој закон претставува еден крупен чекор во одбраната на суверенитетот на Македонија затоа што овие надлежности, овие овластувања на Републиката fi се одземени. Со такви ограничени овластувања и надлежности Републиката не може да го оствари својот суверенитет. Ограничени се и суверените права и надлежности на Републиката а тоа значи дека Републиката и нема целосен суверенитет. А, овој елемент е многу значаен ако ние веќе го имаме референдумот и ако тој референдум ја покажа изразената волја на македонскиот народ дека се определува за самостојност и сувереност, тогаш токму овој закон произлегува од суверените права од суверенитетот на Македонија.

Понатаму, ако со овој закон не се опфатени сите надлежности што треба нашата Република да ги има во областа на народната одбрана јас само ќе ве потсетам дека пратеничката група на ВМРО достави иницијатива до господин Стојан Андон и до Владата уште на 7 мај 1991 година. Во архивата Иницијативата е заведена под број 1726/1 со која иницијатива ние побаравме мораториум на примената на одредбите на сојузниот закон за народна одбрана со што ќе се спречи регрутирањето и мобилизацијата на воените обврзници од Република Македонија. По таа Иницијатива исто така од Владата не добивме никаков одговор.

Она го покажува односот. Јас не сакам да зборам за причините за целите. тоа го останам оние во Македонија, оние родители што се најмногу погодени, што бараат заштита на своите деца да бидат отстранети од оние места, од оние кризни жаришта каде што се упатувани и кои што се борат за заштита на нивните животи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе гласаме или да дадеме некоја мала пауза?

(Присутните пратеници бараат да се гласа да нема пауза).

Тогаш да се разбереме. Овде спорот не е околу тоа кој е да ги штити децата а кој е против тоа да ги штити децата. Станува збор за тоа дека претседателот на Владата и министерот за народна одбрана треба да бидат тука кога се расправа за вакви работи За тоа е овде спорот по мое мислење.

Тогаш да гласаме, кој е за итна постапка, молам нека крене рака?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Деловникот многу убаво кажува дека десет пратеници можат да бараат поединечно гласање, а ние сме тука цела пратеничка група, господинот Голубовски и уште некој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, по деловникот треба поединечно да се гласа.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Пред едно две години имав можност во едноумието да бидам член на еден ЦК и да. кажам во една ваква слична ситуација дека со ситни души силна држава не се прави. Мислев дека откога воведовме повеќепартиски

систем плурализам, демократија, дека никога повеќе не ќе бидам во можност да го повторам тоа.

За жал,вечерна повторно се чувствувам исто како што тогаш се чувствував и пак ќе кажам со ситни души држава не се прави.

Прво, да се разбереме овде не е спорно дали Законот треба да се донесе или не треба да се донесе. Законот треба да се донесе. Со тоа се согласуваме сите.

Има предлог од ВМРО-ДПМНЕ да се донесе по итна постапка. Има предлог од Владата што има надлежен стручен ресор што се вика министерство за народна одбрана. Има мислење од Стручниот совет за народна одбрана на Република Македонија што вели дека тој закон треба да се донесе по скратена а не по итна постапка. Ние можеме како Парламент да веруваме на Владата или да не веруваме. Да верувам! на Советот за народна одбрана или да не веруваме. Ако не веруваме дајте да разговараме за Владата и за Советот за народна одбрана. Ако мислиме дека сме ги избрале како стручни, да даваат мислење која треба да биде постапката, тогаш да им веруваме. Тоа е едната работа.

Втората работа, бидејќи овде како главни аргументи во прилог на итноста на Законот се поставуваше прашањето за загриженоста на родителите во Македонија, за децата што се на отслужување на воениот рок надвор од Македонија и при тоа се наведуваше дека овој закон треба да ги врати децата назад и да ги заштити, треба јасно и гласно да кажеме пред македонската јавност нешто што е сурова вистина, дека овој закон нема, за жал да ги врати децата. Ако Е тоа закон. Што ќе ги врати децата сите ќе го донесевме уште пред две недели, пред месец дена а не да се натегаме вечерна.

За жал децата нема да се вратат. Генг^ал Кадиевиќ нема да рече Македонскиот парламент донесе ваков закон,ајде војниче облакај ја цивилката и враќај се назад во Македонија. И да не го лажеме народот, да не го лажеме народот, да не го залажуваме со нешто што не можеме да го направиме. Тоа што можеме да го направиме го предлага Советот за народна одбрана и вели дека следната регрути класа а тоа е септемвриската класа нема да биде упатена се додека, траат воените дејствија. Меѓутоа, за жал, оние кои се сега таму, нема друг начин да се вратат освен да преговараме со тие со кои, за жал, не можеме рамноправно да преговараме, бидејќи во нивни раце се децата, Врховната команда со Претседателството што не функционира. Да се надеваме во успехот на мировната конференција, Лорд Картингон итн. Меѓутоа, да го лажеме народот дека вечерна ќе го донесеме законот а утре децата ќе се вратат, да не го правиме тоа, господ грев ќе ни пише како што вие понекогаш знаете да се повикате на тие работи. Тука нема дилеми. Сите сме да се донесе Законот. Дали ќе го респектираме стручното мислење или нема да го респектираме. Да не натепуваме поени на нешто што уште утре ќе се покаже како лага или неостварливо дека ќе ги вратиме децата со овој закон.

А, веќе кога беше последното 10 пратеници по деловникот имаат право да бараат поединечно гласање. Меѓутоа, не и да одлучат. Тие можат да дадат предлог, а Парламентот одлучува дали ќе има поединечно одлучување.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не сакав да станам. Филмот го враќам на 8 февруари 1991 година. Дали сте вие тука или не сте,чекај, ќе ги станам очилата, извинете тоа не е трик ме болат очите,точно четири ипол саати ве молев да ја испееме

химната на Македонија. Се сеќавам точно четири ипол човек овој човек ве молеше. Исти луѓе, малку повеќе публика.

Што ви пречи бе луѓе да го донесеме законот? Два месеци ја чекавме Владата, не донела одлука. Што сега ве мачи нас?! Ќе викам другари.

И господинот Бранко треба да знае, извини Бранко, ние правиме држава сега, и треба да носиме закони. Не треба да чекаме утре друг ден,по друг ден. Јас не сум поминал некои партиски школи сум ви рекол никогаш не сум бил партиец, и не сум посетувал школи. А, треба да знаете дека знам неколку јазици. Зборувам дебарско костурски за да ме разберете сите. Благодариме. Ве молам прифатете да донесеме закон како што го заслужува државата Македонија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да реплицирам на господинот Црвенкоски кој ме изненадува со нивото на неговата дискусија, бидејќи тврди дека некој го лаже македонскиот народ. А, бидејќи застапувам став на што тој упати такво тврдење, сакам да кажам дека не е далеку господинот Црвенкоски, можеби уште на сегашната седница ќе го промени својот став и ќе се приклучи кон гласањето, но сигурно после една пауза откако во иста смисла само формулацијата ќе биде малку променета па да се стекне една политичка иницијатива.

Веќе господинот Црвенкоски и кажа дека не е против Законот, значи законот е логичен, потребен и тој треба да се донесе.

А, она другото, околу лажењето на народот, народот гледа, народот паметен и попаметен отколку што мислиме. Тој ќе знае да оцени.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Да не се повторувам околу лажењето или не лажењето на народот, меѓутоа ќе кажам дали ние со референдумот исто така го излажавме народот? Ние со референдумот изгласавме сувереност и самостојност.

Кој е тој генерал Кадиевиќ, господине Црвенкоски, ако сме суверени и самостојни или го лажеме и за тоа народот дека сме суверени и самостојни. Па, ние цело време значи го лажеме народот Така испаѓа според нас. Ако не донесуваме закони туку само мислења и заклучоци, три пати досега донесуваме заклучоци да не ги испраќаме нашите деца таму, меѓутоа, ни ги зимаат. Со еден збор кажано ни рецка -не ни удираат, вака да се изразам.

Меѓутоа,меѓународно правно и признато е да суверена и самостојна држава која се изјаснила на референдум дека има право да си донесува свои закони. За тоа се бориме ние тој закон да го донесеме по итна постапка, а не за друго. Затоа што имаме аргумент, правен аргумент, а не заклучок или мислење или став. Никого не обврзува на мислењето, ставот или заклучокот. Сите го знаеме тоа. Го чувствувам во овој Парламент.

Да го прашам јас целиот Парламент кој наш заклучок се остварил? Ниту еден. Донесуваме заклучоци, се лажеме самите себе си а после го лажеме народот. Така испаѓа за жал.

Меѓутоа, генерал Кадиевиќ може да ни каже и утре кога ќе донесеме закон дека не го почитува тој закон. Меѓутоа, со тоа нема да ја почитува ниту нашата сувереност и самостојност. Но, за жал, овој народ, во Македонија, со огромно мнозинство се изјаснил со "за" на тој референдум.

Што значи самиот народ гласаше. И не може еден генерал Кадиевиќ или некоја врхунска таму, како да ја крстам неокумунистичка итн. да оди против цел народ. Одеа против словенечкиот народ, се виде каде одат.

Меѓутоа, ние не треба да учествуваме во таа, не е граѓанска војна, туку меѓунационална војна, меѓурепубличка војна. Тоа е една чиста агресија. Се гледа дека е агресија на една суверена држава која по нејзиниот устав е суверена на друга држава која исто така на плебисцит се изјасни дека е суверена и самостојна.

Према тоа, ако изгласавме сувереност и самостојност, ако нашиот народ изгласал сувереност и самостојност и ние би требале овој Парламент да донесува закони што се во согласност со суверeноста и самостојноста. А заклучоци и станови не држат.

**ЉУПЧО ЃЕОРЃИЕВСКИ:**

Почитувани пратеници чувствувам потреба да се јавам само околу прашањето за Советот за народна одбрана бидејќи беше спомнат како една од институциите во онаа македонска држава која предложила скратена постапка што беше изнесено од господинот Бранко Црвенковски. Јас како член на тој Совет за народна одбрана можам да ви кажам дека Советот за народна одбрана воопшто не го разгледувало прашањето дали овој закон треба да биде донесен по скратена, или по итна постапка. Сметам дека дури тоа не се и негови ингеренции. Единствено Советот она што го усвои, тоа се мислења и станови кои треба овој Парламент да ги усвои, или Владата да ги усвои, и да ги конкретизира. Она што се однесува од Советот за народна одбрана, а што се однесува за онаа расправа која се води денеска по прашање на законот кој треба да се донесе, или не, можам само да ја цитирам втората точка. Значи согласно втората точка од мислењата и становите, согласно на претходниот став и остварените договори со Командата на Третата воена област војниците од Република Македонија кои се преместени на дослужување на воениот рок во другите делови на Југославија да се вратат на дослужување на воениот рок во Македонија. Исто така, тука може да -ее стави и прната и третата точка, прната да не се испраќаат регрути од Република Македонија во ЈНА се додека во Југославија не престане војната и додека не се воспостави мирот, односно да не ги читам, можете да ги погледнете во мислењата и становите и прната и третата точка и тоа да го сврзете со шестата точка мислењето и становите да се достават до Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија заради нивна операционализација и преземање конкретни активности. Значи, ако Собранието и Владата на Македонија сметаат дека за остварување на првите три точки, а тоа е

понатамошно неиспраќање на регрути, стопирање, по враќање на досегашните војници и исто така стопирале на резервниот состав на македонските војници за понатамошно неиспраќање во ЈНА ако смета дека овој закон што треба да се донесе претставува еден вид на таква операционализација, една конкретизација на остварување на тие станови и мислења, тогаш треба тој само да оцени. Инаку, што се однесува до ставовите, до прашањето колку може да гарантира Владата и дека покрај донесувањето на тој закон веќе утре ќе се вратат некои војници или нема да бидат испратени некои други, тоа прашање може да се постави за секој закон што го донесува македонскиот Парламент. Ние можеме да донесеме на пример закон за забрана на ловев>е на риби во некое езеро. Гаранцијата на Владата ќе биде колку таа ќе биде енергична таму да испрати инспектори, или комисии за да го спречи тоа. Значи и во овој случај колку ќе биде делотворен овој закон зависи пред се од енергичноста на Владата, од расположните сили, а нормално и од добрата волја со оние со кои ќе се преговара. Значи тоа е еден комплексен фактор во кој не можеме да навлегуваме што ќе се случи и како ќе се случи. Меѓутоа, ризикот сигурно постои, сигурно прашање е на Парламентот и на самата Влада да оцени колку ставовите кои се донесени од страна на Советот за народна одбрана ќе можат да се операционализираат и конкретизираат по пат на донесување на овој закон.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, колку човек да сака да се стрпи барем во периодот, односно во усвојувањето на дневниот ред, меѓутоа очигледно после овие жестоки политички пропаганди бидејќи објективно ова ви стана како точка на дневен ред на која што сите партии си

правиме, меѓутоа некои многу повеќе ја користат онаа говорница за своја сопствена политичка пропаганда за користење на одредени ситуации и за пласирање на одредени тензии на поголеми, или помали Македонци и т.н. Цело време се договараме. Тоа го чувме на онаа говорница од Пановски и уште неколку другари. Тоа е факт. Сигурно има стенографски белешки и тоа ќе се види. Сметам дека ако беше за сувереност, некои републики прогласија многу порано. Состојбите таму ги гледаме. Мислам дека непријатно е чувството и се чувствуваме и како пратеници тука ако не можеме во вака сложена ситуација да бидеме порационални, да се претставиме пред народот поразумни и навистина потрезвено да делуваме и да се договараме. Жалосно е тоа што цел ден ја чекаме онаа седница, а сега е 24 часот, уште не сме на почетокот на дневниот ред. Второ, мислам дека ако во овој период немавме еден таков однос и во самиот Парламент на градење на таква политика која што сепак допринесе да има огромен допринос за состојбите во Македонија и ако појдевме брзоплето како што се намалуваше за некои одлуки предвремени и т.н. за кои што ги гледаме последиците во другите републики, мислам дека ве ќе бевме во подобра ситуација како Македонија денеска. Исто така, и со она што нон-стоп се повикуваме на референдумот. Мислам дека на народот му додадовме ве само самостојна и суверена, туку рековме и со право да се здружи итн. Ако на тоа останеме и ако тоа навистина го сакаме, мислам дека непромислено одредени потези и гестови не ни требаат.

Трето, доволно кажаа другарите и мислам доволно беше и образложението од Владата. Бидејќи со донесувањето на овој закон буквално во овој момент навистина малку можеме да излеземе во пресрет на загрижените родители. Според тоа, дали тој ќе се донесе по скратена

постапка или по итна постапка како што инсистираме за кои што доволно немаме аргументи барем од она што тука го презентираме, јас не сум стручњак за таа работа и тоа така да го презентирам, меѓутоа мораме да се повикаме на нашите овластени органи кои што навистина се повикани да ја следат дословце таа проблематика и да ја анализираат и да предлагаат и од тоа повторно сега да правиме драми и да искажуваме недоверба ков одредени луѓе и одредени наши субјекти, или да кажеме органи кои што пред два-три дена ги избравме или пред две-три недели мислам дека ве му прилега на овој Парламент. И следното да правиме некои споредби кои што навистина во овој момент ниту се адекватни, ниту можат така да се примат. Суверноста на Македонија и нејзината самостојност мислам дека ве се заврши таа процедура со референдумот. Сметам дека имаме и устав, а и мислам дека голем ќе биде нашиот придонес, односно на пошироката светска и југословенска заедница за една таква сувереност и самостојност да се избориме до крај. И преку ноќ тоа сигурно не можеме да го оствариме и сметам дека секоја понатамошна расправа е само во функција на одредена политичка пропаганда и политички маркетиве.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 15 минути.

(По паузата).

За збор се јанија прво госпоѓа Димитрова, господин Петров и господин Манев.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници ќе бидам сосема кратка. Не сум за вжештување на атмосферата воопшто, а особено и по она прашање за кое

што по суштината на нештата не можеме да имаме различно мислење. Би сакала само да го објаснам ставот на Владата, бидејќи мислам заради интерпретацијата е многу суштински. На 20 се доби впечаток дека Владата е против денешно донесување на закон. Морам да ги објаснам сите постапки од 20 август, бидејќи ве се кажа дека од 20 август Владата се произнесе за предлогот на ВМРО-ДПМНЕ и тогаш дадев иако добивме толку забелешки дека бил сега во очи на седницата дадев и се позитивно и тоа по итна постапка, ве по скратена постапка. Тоа го покажува стенограмот од тогаш. И тогаш кога што се случи оставката на министерот Дамјановски беше експлицитно дадев став од премиерот на онаа говорница дека законот ќе биде предложен од самата Влада на следната седница. Без оглед што е тоа скратена да речеме, сега е во употреба овој термин скратена, тогаш не беше, тогаш беше само итна, поминато е толку време што таа скратена веќе апсолутно и доаѓа времето денеска да биде донесена. Јас мислам дека она ќе биде првиот закон донесев после референдумот и јас однапред сакам да го честитам тоа на сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ви прочитам на 22 август еве што изјавил претседателот на Владата: "Предложениот закон се враќа на Владата заедно и со предлогот на пратеникот Тодор Петров. Владата ве се откажува од законот. Таа ќе ги процени сите состојби и на наредната седница ќе добиете официјален предлог".Добивме ли официјален предлог? (Не).

Нов предлог немаме добиено, но по мислењето на Владата си ги повторува, она што сега Андонов го вели дека тие ќе го активираат оној закон, но по скратена постапка. Тоа е ставот на Владата.

Тој беше по итна постапка, ама го повлекоа. Ви прочитав што рече претседателот на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници секогаш треба да бидеме јасни и прецизни кога излегуваме овде, па јас и така ќе се однесувам. Мислам дека сите во овој Парламент ја одобривме одлуката на раководството на Македонија кога се одлучи да ја преземе воената и регрутната документација од органите за народна одбрана во Републиката. Актот и чинот на презема&ето нормално и логично дека беше спротивев на законот. Ние сите овде се согласивме и никој ве се спротивстави на таквата одлука на раководството на Македонија Со тој акт едноставно ние за месец август и месец септември спречуваме упатување во ЈНА на 4.500 војници од Македонија. Ако тогаш се согласивме дека тоа е во ред и одобривме една таква одлука, зошто денеска ве го ставиме на дневен ред овој закон кој што го озаконува чинот што вие го одобривме кога се изврши преземањето на актите од страна на Министерството за внатрешни работи. Затоа да не должиме, да го ставиме на дневен ред предлогот како што е дадев и да се произнесеме по истиот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Најмалку мислев дека токму по она прашање одделни пратеници и политички партии ќе прават политички маркетинг и да се постави прашањето ве денес, туку некој друг дев. Се поставува сега, односно денес на онаа седница заради тоа што пратеничката група прво, ВМРО-ДПМНЕ доставила барање да се стави законот на дневен ред од 30 август. Одговорот на Владата е познат. Не се согласува Владата за да биде по итна постапка, туку по скратена постапка. ВМРО достави денес во 19.25

часот предлог за донесување закон по итна постапка, со Предлог на закон. Го добивме Мислењето на Комисијата дека доцна е доставев законот, меѓутоа да констатираме дека сето тоа е во ред. Нивниот предлог претседателот мора да го стави на гласање и Парламентот да се изјасни дали е за, или против. Меѓутоа и пратеникот Петров достави и пратеникот Петров Ice бара и по неговиот предлог она Собрание да се изјасни, заради тоа што ве бараше пратеникот Петров закон по итна постапка, туку закон по скратена постапка во нормална, редовна собраниска процедура и тој закон е доставев на 21 август, доставев е на 2 септември. Незнам само зошто претседателот на Собранието ве го ставил во дневниот ред, во Решението за свикување на седницата.

Според член 98 став 2 од Деловникот се вели: Во предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата му ги доставиле работните тела на Собранието, како и пратениците. И мојот предлог е доставен на 2 септември, а решението за свикување на седница е на 4 септември. Зошто предлогот на пратеникот Петров ве е ставен во дневниот ред, односно во Решението за свикување на седница. Затоа сакам да укажам и на следното. Излагањето на онаа говорница бидејќи одделни пратеници тоа го искористија, ве е само прашање на реторика, или желба некој по секоја цена да протне некој свој предлог, туку и познавање на правото, бидејќи ако ништо друго се залагаме за правна држава без импровизации и чаршиски муабети и однесувања, ако некој сака да седи во овие клупи. Зошто овој Парламент не е партиски состанок, или состанок на некоја класна заедница па во текот на седницата стопати да менуваме принципи и стопати да менуваме станови кој како сака да работи, па дури и ако сите 120 пратеници

што седат овде се согласат да прекршат устав или закон, Парламентот како највисок орган на власта има строго утврдена деловничка процедура устав и закон. И жално е што претседателот, ја с се извинувам што морам вака да се обратам, невешто ја игра улогата на спикер, а секретарот до него седи и молчи, па ве сугерира ништо. Незнам зошто и досега овој закон ве беше донесев. Па после она што го направи Владата, претходниот пратеник го кажа многу убаво, после она што го направи Владата таа сама ве еднаш, сто и еднаш пати требаше да побара тој закон да се најде на дневен ред. Парламентот да го усвои по итна постапка за да ве ја обвинува некој друг дека извршила пуч во Министерството за народна одбрана, дека се однесува вагабонтски итн. Ние Владата воопшто ве ја заштитивме со противправното дејство што го направи со одземањето на воената евиденција. Точно е дека законот нема да ги врати децата уште утре, или не знам кое друго утре ако сега го донесеме, меѓутоа апелирам да се однесуваме државнички и да работиме како правна држава ако претендираме и ако сакаме таква држава, ве да работиме на диво и противзаконски. Од онаа говорница треба да се цени по мое мислење силата на аргументот, а ве аргументот сила. Законот фактички што го донесуваме, или треба да го донесеме ќе даде легалитет на противправното дејство што го изврши Владата и со тоа покажуваме по мое мислење државничка зрелост и мудрост дека сме спремни да градиме правна држава. Ние ако она што го направивме сега без преседан дозволивме Владата прекутно да прекрши закон по сопствена проценка, кој гарантира дека утре она, или некоја друга, или трета влада сама нема по сопствена проценка да прекршува закони кои што овој Парламент, или друг орган ќе ги донесува. И затоа мислам дека законот кој што е ставев во процедура траба да се стави на дневен ред. Еве, ќе го прочитам изворното

мислење на Владата, не излагав>ето на претседателот Коцев според стенограмата. "Владата предлага на 22 август да го стави Собранието Пред логот за донесување закон по итна постапка" и вели "Исто така, Владата смета дека на овој начин ќе се остварува нормална и успешна соработка со Југословенската народна армија", како што тоа беше и со децении порано. За да одеднаш на 5 септември го промени мислењето и кажа: Владата ве бара итност, туку бара скратена постапка. Па јас предложив по скратена постапка да се стави законот на дневен ред. И ве гледам зошто воопшто ве се стана тоа.

И друго, последно што сакам да укажам кога кажав дека радосно е за онаа Македонија што нема партија која го освоила мнозинството, бидејќи досега малцинството во овој Парламент ќе беше секогаш надгласувано во се и сешто. И затоа е потребно за да не предизвикуваме тоталитарно однесување во овој Парламент, да се почитува и мислењето на одделни пратеници, односно Деловникот што налага. А во член 127 пишува: Поименично гласање се врши кога тоа ќе го определи претседателот, или ако тоа го бара еден пратеник чие барање го поддржуваат десет пратеници и за секој предлог, за секоја постапка која е регулирана со Деловникот ќе се однесуваме како што тоа Деловникот го бара.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Барам, доколку предлогот на ВМРО-ДПМНЕ законот да оди по итна постапка не биде прифатен, да го стави бидејќи е доставев во писмена форма мојот предлог за ставање во дневниот ред на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По скратена постапка, така?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Нормално.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Република е можеби иницирана со дискусијата на господинот Стефковски Томислав, во може и да се однесува на сите дискутанти кои учествуваа. Апсолутно се повторувам себе си, не ставува збор за тоа дека некој овде е против законот да се стави на дневен ред на 23-та седница. Според тоа се она што го дискутиравме и што е во функција на други цели, апсолутно не е во функција на ставањето ан законот на дневен ред на седница, заради тоа што никој ве е против тоа, меѓутоа, има дилема. Ако треба да се гласа имаме 2 предлога. Едниот е предлогот на Владата да се оди со скратена постапка, другиот предлог е на претставниците на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за итна постапка со тоа што е придружев кон нив и пратеникот Тодор Петров сега, или неговиот стар предлог за скратена постапка. Ве молам, заради тоа што сме сите да дојде на дневниот ред, треба само да утврдиме дали ќе биде постапката скратена или ќе биде итна. За да тоа го утврдиме треба да бидат пратениците на чисто што да поддржат од дната предлога. Затоа е преку потребно Владата, која дна пати го изнесува нивното мислење овде, да се изјасни, дали има

можеби мандат да го преиначи своето мислење од скратена на итна постапка. Ако Владата има мандат да го преиначи своето мислење, верувам дека сите заради тоа што сега дојде точката на дневен ред, ќе гласаат и за по итна постапка да се донесе законот. Ако Владата нема таков мандат и предлага скратена постапка, тогаш меѓу пратениците ќе има поделба некој ќе гласа за скратена, некој ќе гласа за итна постапка, па со мнозинство гласови ќе одлучиме по која постапка ќе оди законот, а сигурно ќе оди на дневен ред.

Го молам претседателот на Парламентот да замоли претставник на Владата јасно да каже дали има мандат постапката од скратена да се преиначи во итна, да гласаме, ако нема, ќе гласаме повторно да биде на дневен ред, меѓутоа, ќе има подвојувања, јасно, некој ќе ја поддржува Владата заради тоа што ја чувствува за стручна и одговорна и ќе го почитува нејзиното мислење, па ќе видиме кој со колку гласови од предлозите ќе помине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се обратиме до претставникот на Владата. И инаку господинот Андонов бараше збор.

**ЈОВАН АНДОНОВ:**

Иако не сум дискутирал воопшто после полноќ, сега веројатно ќе можам да се контролирам што ќе речам.

Јас незнам од каде тоа неповерение спрема стручната служба ан Владата. Ние имаме едно министерство кое се вика Министерство за народна одбрана. Таму работат стручњаци кои анализираат и ја проценуваат ситуацијата секојдневно и зошто на нив да ве им веруваме? Оттука ние како Владата останувамe и понатаму на нашиот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставникот на Владата е јасен, останува на предлогот по скратена постапка да се разгледува овој закон.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас се извинувам, ана она веќе станува чиста сколастика. Туку што прочита пратеникот Тодор Петров дека Владата на 20 август дала мислење по предлогот, истиот предлог, за истиот закон, во иста форма од ВМРО-ДПМНЕ и подржала мислење по итна постапка да оди -гој предлог на Собранието. Беше повлечев од министерот Дамјановски. По друг канал истиот закон беше доставев до Собранието во пакетот на законите со Уставниот закон, каде има заклучок Владата дека го нуди истиот закон во пакетот на Собранието, со тоа што Собранието само века прецени кога е моментот да го донесе тој закон. Како што рече некој од дискутантите на почетокот, тоа е мислењето на Владата. Собранието е автономно тело и Собранието може да одлучува за онаа работа и треба да одлучува. Затоа, јас сметам дека треба да се донесе овој закон денес по итна постапка. Владата не прави пречки за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега да гласаме. Јасен е предлогот на ВМРО-ДПМНЕ, јасен е и ставот на Владата.

Имаше барање да се гласа поединечно, согласно Деловникот.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Во однос на цитираниот член од пратеникот Тодор Петров дека на барање на еден пратеник, чие барање ќе го поддржат најмалку 10 пратеници, мислам дека буквално е сфатено од пратеникот дека тоа се однесува и за утврдување на дневниот ред. Тоа се однесува во посебна подглава за одлучување и тоа за донесување на одлуки на Парламентот а ве за утврдување на дневниот ред, бидејќи за тоа има посебна подглава каде се кажува, истиот член што тој го цитираше дека сите прашања кои дошле пред свикување на седница влегуваат во дневниот ред од сите овластени предлагачи, додека она што е итно може да се предложи на

самата седница. Ние фактички нема потреба да гласаме овде, ако се одлучиме односно мислењето на Владата е да биде по скратена постапка. Тогаш, друга претседателе нема итност и нема што да гласаме вие, тогаш тоа ќе влезе во редовна постапка на закажување на една од наредните седници.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Ако грешам, ако Владата расправата за тој инцидент, има тука повеќе претставници од Владата, можат да кажат за таа работа. Очигледно, бидејќи ве се изјаснуваат Владата за тоа или ве расправала, ниту претседателот на Владата чувствува потреба тоа да го поставува и да одговара на таа работа. Тоа е втората работа околу Мислењето на Владата. Значи, ве се работи за закон, туку напротив, се работи за одговорноста на член на Владата. Тука ве е прашањето дали министерот му одговара на претседателот на Владата или не му одговара. Ние ве тргнавме од тоа дали министерот и претседателот на Владата, премиерот, меѓусебно си одговараат или се усогласуваат. Тргнавме од еден конкретен повод.

Понатаму, беше кажана една многу тешка оптужба овде сега од другата страна, а тоа е дека рушењето на министерот претставува воедно рушење на Владата, а од тоа ќе произлезе рушење на Македонија. Е сега, јас малку би се задржал околу она извесно мислење овде.

Прво, министри и влади паѓаат и се бираат. Уште повеќе министри. Беше поставено прашањето која е таа влада во војна што тоа го прави. Еве, во војна се Србија и Хрватска, па променија неколку влади, а за министри да не говориме. Тоа е едната работа.

Втора работа, ако се доведува во контекст рушење на Македонија и највисокиот национален интерес сврзано со опстојувањето на господинот Јордан Мијалков за министер за внатрешни работи и ако Македонија зависи од тоа дали тој ќе остане и понатаму министер за внатрешни работи, тогаш тешко на Македонија. Тешко ако тоа зависи од било кој човек, а особено тешко ако зависи од господинот Јордан Мијалков.

Понатаму, ако вие имавме идеја да ја рушиме Владата, ќе бевме многу директни, ќе го поставевме прашањето за Владата. Веројатно да го поставевме тоа, ќе очекувавме да имаме сојузници од ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи тие во неколку наврати порано потегнуваа такво прашање за рушење на Владата, нови избори и т.н. Меѓутоа, очигледно дека и тие пласирани идеи се покажува дека не се точни, барем од вечерашнана дискусија.

Повеќе дискутанти овде, без разлика на партиската припадност изјаснија дека ако се покаже дека е тоа точно, ако е точно, ние не говориме како министерот работи, дали е добра ситуацијата во Министерството или не. Имаме конкретен повод, закана со апсење на еден народен пратеник со имунитет. Но, не е битен имунитетот. Закана со апсење на потпретседател на Влада, закана со апсење или незнам каква на претседателот на Собранието.

Меѓутоа, овде беше поставено прашањето од господинот Томислав Стојановски дека вие ги предлагаме. Ние ве ги предлагаме. Господинот Мијалков нив ги избрал да им се заканува. Вие рековте во нашата оптужба дека еве, го предлагаме да се изјавана претседателот на Парламентот и т.н. Ние ве го предлагавме или избравме претседателот на Парламентот ниту потпретседателот на Владата. Нив ги избрал господинот Мијалков за да го направи тоа, што го направил.

Македонија сите ја сакаме, меѓутоа не било каква Македонија. Нам ни е потребна демократска Македонија. И, ако во таквата Македонија министер за внатрешни работи е човек кој до таа мерка ве може себе си да се контролира што се заканува со апсење на членови на Парламентот или на Владата, тогаш која е вербата дека ќе успее да ја контролира Службата што е под негова ингеренција, а што треба да ја штити демократијата и сите законски основи во онаа Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие влеговте веќе во расправа.

**БРАНКО ЦРВЕНКОНСКИ:**

Јас одговарам на она што беше досега речено.

Впрочем, ако се согласуваме околу тоа дека е тоа точно, дека сите ќе гласаме за тоа министерот да биде разрешев, тука е, присутен е господинот министер Јордан Мијалков, има можност да излезе на онаа говорница да каже дали она нешто го кажуваме точно или не е точно. И можеме така да ја разрешиме онаа дилема бидејќи другите сите се согласни дека доколку е тоа точно, нема да има никакви проблеми околу единствено донесување на одлуката. Можеме брзо да ја привршиме работата.

**СТОЈАН АНДОН:**

Господинот Стоиле Стојков, бара збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

(Се јавува од место).

Но јас сакам да реплицирам на онаа дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе добиете збор. Има време.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Видете господа, јас мислам дека овој Парламент е зрел да се распушти.

Не се наоѓаме на централен комитет на комунистичка партија, меѓутоа господинот Бранко Црвенковски, како претседател на една комунистичка партија без разлика што носи друго име, меѓутоа може овде да погледаме колку има комунисти. Можеби и јас сум бил комуниста па ме избркале. Не е битно тоа. Но, кои се комунистички определени овде, ќе видиме дека едноумието во Македонија повторно завладува.

Не навлегувам дали е министерот крив или ве е крив, меѓутоа би ви кажал да земете сите да си ги отворите нашите пратенички книшки, па ќе видите како може еден пратеник, на кој начин и кога може да се уапси.

Но, што сакав да кажам. Сакав да кажам дека едноумието си продолжува и понатаму. Нафрлањето дека се променило вешто во онаа наша Македонија, не е, ништо не се смени. Една корупка, само малку ја почнавме, а понатаму тоа внатре се си остана исто. Дури и со семките.

Што правиме утре кога ќе дојде време, а ќе дојде време и сега немаат луѓето леб да јадат. До она дереџе ги доведе она едноумие, овој комунистички систем 4 5 години. Меѓутоа, место вие да расправаме сега како да ја доправиме државата итн., се расправаме за банални работи како да ги сочуваме позициите што ги имавме. Така е господине Наќе. Ве гледам, се смеете, во така е, точно така е. Ние, во предизборието

укажувавме и сега ќе укажеме, социјалисти, реформисти и комунисти сите се исти. Точно, овде се покажува при гласањето. Дали еден предлог на ВМРО, кој ќе кажете дека имаше доста паметни предлози, меѓутоа после месец дна, 15 дена итн. си ги преземате како наши. Зошто, имате мнозинство во овој парламент. Се гледа дека имате мнозинство и ги изгласувате како да се наши. Ги пласирате. Средствата за јавно информирање, не сите, дел од нив ќе кажам, тие што така, директорите на тие куќи беа до вчера членови на ЦК. На Централниот комитет. Мораше така да биде. Луѓето можеби ве сакале, во мораше така да биде.

Што се прави и понатаму? Тие средства за јавно информирање, кога ќе им се нареди, удри, по кого само, по единствената овде можам да кажам и уште со двајца овде пратеници, тројца, единствената права демократска и опозициона партија тоа е ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство. Ќе ви викаат таму по новините, по телевизијата итн. што му вети ВМРО на народот, не го исполни. Во заблуда го донесувате народот.

Ќе се свртам на друга страна господине Наќе.

Му се дава збор, господинот Стојан Андон си дознолува да му даде збор на господинот претседател на Социјалдемократскиот сојуз за реплика, меѓутоа овде гледам едно излагање, едно полноќно советување како пред 10, 15, 20, 30 или 40 години кога беше Информбирото. Многу знаат од нас тоа исто така.

**БРАНКО ЦРВЕНКОНСКИ:**

(Се јавува од место).

Не сум бил јас тогаш.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Во ред е, меѓутоа се учи господине Бранко, ако не сте биле. Се учи тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте од место, ве молам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Нашите тактики на збунување на говорниците, на упаѓање кога зборуваат од говорницана овде, на пратениците, ви се познати. Сепак тоа е работа на културно однесување на сите пратеници. Никогаш не сум ви упаднал во збор, се јавив за реплика и би молел да ме сослушате.

Манипулацијата со овој Парламент ќе повторам по втор пат, денеска го кажав тоа, манипулацијата со овој Парламент и понатаму продолжува. Господинот Стојан Андон за 8 месеци ве се извешти околу Деловникот и т.н. Добро, тоа е негова работа. Можеби човекот не е правник итн. Меѓутоа, гласање, прегласувања, повтори гласања, кога ќе му одговара си дозволува, а кога не, не, И мислам џабе се расправаме. Се знае процедурата каква е. Не е претседателот на Владата, нема расправија. Потполно. Не требаше ниту да го стави она на дневен ред. Требаше да му објасни на господинот пратеник дека за тоа одлучува, има закон за Владата. Прочитај таму, одлучува дали да се стави на дневен ред на некој министер да му изразиме доверие, изгласавме доверие на целата Влада. Не на секој министер поединечно. Таков е законот, за жал. Кога ве е тука мандаторот, или сегашниот премиер, нема потреба да се стана тоа на дневен ред за да се уморуваме и понатаму да ве може и да се обвини утре

некоја партија дека ете, кога е ВМРО во прашање не може ни во дневен ред да дојде во она Собрание. Мислам нема потреба.

**СТОЈАН АНДОН:**

Една забелешка на господинот Стојков, тој исто така доби збор за реплика да има како и Бранко Црвенкоски и исто толку долго зборуваше. Според тоа, еднакви сте.

Ве молам, предлагам да прекинеме со расправата. Имаме овде став на претставникот на Владата. Ставува...

(Од страна на пратениците од Партијата ВМРО-ДПМНЕ се бара да се продолжи расправата, со извици да расчистиме, да му кажеме, бараме реплика).

Видете, како можете да расчистите, кој да расчисти.

(Од истите редови, од страна на истите пратеници се слуша ние).

Ама, кои сте тоа вие. Вие сте пратеници. Вие можете да добиете збор по точка која е на дневен ред. Сега расправаме дали да го ставиме на дневен ред. Ни се укажува убаво. Точка што е овде изнесена само како иницијатива не се предлага да биде како точка на дневен ред, а претставникот на Владата рече дека тој не може да прифати ставање на таа точка сега на дневен ред додека не дојде претседателот на Владата. Нека се постапи во склад со Деловникот понатаму. И точка со тоа. Доста со реплики. Ве молам, сите барате збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

(Се јавува од место).

Сите ќе добиеме збор. Ако треба и цела ноќ ќе зборуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, си доби збор господине Пановски. Треба да престанеме со тоа. Точката не е на дневен ред.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

(Се јавува од место).

Повикани сме, ќе одговориме на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали барате да ја ставиме точката на дневен ред? Убаво кажува господинот Пановски дека кога ќе земе збор јас не можам да погодувам кој што ќе каже.

Го прашав претставникот на Владата, во ве давате да се запре. Трчате овде на говорница без да ви се даде збор. Немојте така.

(Во меѓувреме пратеникот Томислав Стојаноски приоѓа на говорницата и сака да зборува).

Ајде, уште господинот Стојановски да каже, па да прекинеме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не барам ништо, јас се враќам на она за што бев прозван. Затоа беше, дозволете, дали господинот Црвенкоски, јас не му замерувам што процедурата на избор на објекти, сведоци и она, не ја познана. Тоа не е многу чудно па затоа и не требаше да го овде објаснувам. Кој ќе избере дали сведоците ги избрал самиот министер или не....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пак расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Или е на дневен ред или не е.

(Пратеникот Тодор Петров реагира на правењето преседан, на отворање расправа кога нема основа за отворање расправа).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, само сакам да кажам едно, ако се вешто поднесува, тој што поднесува бира кој ќе биде оптужев, кои се доказите

Според тоа, овде оптужбата е против министерот. Се јавува Демократскиот сојуз и вели оштетени се и тие. Дали се тие избрани или не, ние ќе видиме дури кога ќе добиеме навистина судска одлука дека тој ги избрал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ништо не појаснуваме на тој начин.

Предлагам да престанеме со расправата. Да престанеме со расправата, да дадеме ако сака предлагачот да даде писмен предлог и кога ќе биде претседателот овде, тогаш да расправаме.

Дали може така?

(Едни пратеници викаат дека може, а други пратеници викаат дека ве може).

Зошто не може? Затоа што е објаснето дека треба да дојде писмен предлог Еве , објаснуваат сега.

Еве, секретарот нека ни каже. Нека ни каже секретарот.

**МИЛОНАН ШИКОНСКИ;**

Ве молам, дами и господа пратеници. Пред малку расправавме дали во дневниот ред да ставиме една точка по итна постапка.

Според Деловникот, на сама седница може да се предложи дополнување на дневниот ред, меѓутоа тој предлог треба да биде исто така од таков карактер, прашањето да биде неодложно и итно.

Во конкретниов случај си земам слобода да кажам дека овој предлог за утврдување на одговорноста ве е битен да мора баш на онаа седница. Особено што треба да биде во писмена форма, да има одредени факти, да расправа таму, добро беа спомнати одредбите и од Законот за органите на управата и од Уставот и од Деловникот. Значи, предлогот треба да биде во писмена форма и да влезе во процедура во Собранието. Непотребно се исцрпуваме. Не треба да бараме да влезе на дневен ред. Прашањето ве е од таков карактер да влезе сега на онаа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е објаснувањето од секретарот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Молам цитирам член 148 "постапката за утврдување на одговорност на функционер кој раководи со орган на управата е итна" Незнам дали е друго, дали е едно, или друго. Зборуваме за иницијатива член 147 "секој може да даде иницијатива за утврдување на одговорноста на функционерот кој раководи со органот на управата Органот овластев за утврдување на одговорноста. Врз основа на Уставот Владата, односно Министрите ги избира и ги разрешува она Собрание. Орган утврден за одговорност е должев да ја разгледа дадената иницијатива, да заземе став по неа и да го извести подносителот. Мислам дека во однос на итноста зборува самиот закон, а во однос на иницијативата исто така самиот закон.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пртеници, сите присуствуваме на една многу жална работа, жална заради тоа што една група тоа ве се тие и вие, туку тоа сме сите ние заедно. Ние денеска Собранието го срозивме на ниво на рекла казала, на многу, многу ниско ниво. Причината за тоа е некоја расправија која што можеби меѓу мажи со еден збор или со стиснување на рака, или со една пијачка може да се реши. Тоа се издига на ниво напаѓање на министер. Државата нема да падне ако падне еден министер, ама државата може да падне во моментот кога се раѓа и во моментот кога ставува независна и суверена вие требаше денеска за Декларацијата да разговараме. Во тој момент се потегнува една таква работа во отсуство на

премиер, во моментот кога 20 илјади наши деца се надвор од Македонија и учествуваат во вистинска војна, во моментот кога облакот на војната се приближува до Македонија, наоѓате снага да издигнете еден ваков ефемерен, јас незнам, ве сум упатена, но не е важно, тоа може дури и на суд да се реши, а ве да биде причина на Собраниска седница во отсуство на премиер. Јас сум навистина крајно ожалостена што сме сите сведоци на вакво вешто.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, дури сега на сите нас ќе ви биде јасно зошто се манипулира со донесување на Уставот, со донесување на пакет законите за да може Комунистичката партија болшевичка уште да си манипулира како и досега што тоа го правеше 40 години. Она го велам од тоа што истото тоа што го правеше болшевичката партија го прати Жуков кај нас за да може одма да го смени Горбачов го пратија на одмор, одма да го сменат, во рускиот народ е херој, веднаш против удар и се виде кој е поспособниот, дали таа сталинистичка болшевичка партија, или народот. Ние сега овде го пративме претседателот, премиерот надвор и во овие судбоносни после полноќни часови поднесуваме вакви работи за да се наметнат да се разреши и да се растури Владата. Зошто она го велиме сега, може без премиерот тука, а пред малку што предлагаме ние за донесување на законот за воената обврска каде што треба да спасуваме толку илјади Македонци, а тие ги фрламе таму, нека гинат, министерот е важно да го смениме. Но, да ве се случи истото како и во Советскиот сојуз, дека ако тие извршија удар ама Јелцин што направи со народот. Опаметете се луѓе. Не е време уште, македонскиот народ сепак знае да одврати со се. Тој знае затоа што крварел толку години и ќе крвари, онаа македонска сувереност нема да ја изгуби заради една болшевичка пропаганда што на ваков начин

сака да се сменуваат луѓе, без присуство на премиерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се одвојувате од темата, ќе ви го земам зборот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Затоа треба кога ќе дојде премиерот тој да поднесе, како што поднесе за министерот за народна одбрана.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме став на Владата која смета дека по она прашање ве може да се расправа без претседателот на Владата и без писмен поднесок. Ве молам, со тоа расправата ја затворам по она прашање.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Мајката,си викам, се враќа старото, спремајте си ги чергите и во затвор. Верувајте ми гледам такви луѓе. Уште држава не направивме, да ја рушиме Владата. Закон бараме, ве давате, преврат барате. Запаметете дека народ стои зад нас, народ и тоа јак народ. Ако му го направиме тоа зло, ќе не задави, сите нас ќе не фати и ќе не задави. Не се лажете дека ќе добиете и на другите избори. Ве уверувам, вие од дев на дев го покажувате Нашето право лице.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам држете се на темата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Убедете се дека министер во вакви услови во никоја држава не се руши. Па, почекајте луѓе тука е Андонов, тука е претседателот на

Парламентот, тука е министерот, утре ќе дојде претседателот на Владата, зарем дојде нож до коска сега? Немојте такви работи. Ве молам да престанеме и да завладее само паметот .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прекинуваме со расправа по онаа тема, во да го утврдиме дневниот ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас ќе ве молам, сепак да го сочуваме достоинството на овој Парламент. Можеме да прекинеме по иницијативата, предлогот и да се договориме како да биде. Не се согласувам Парламентот да ја напушти седницата додека не ги усвоиме становите што Советот за народна одбрана ги усвои. И граѓаните цела ноќ чекаат за да ги чујат тие станови, дали овој Парламент ќе ги усвои или ве и Декларацијата. Тие цел ден седат покрај телевизорите и секој ден ѕвонат телефоните, ги чекаат тие станови за да видат какви ќе бидат.

**СТОЈАН АНДОН:**

Заради тоа што не е тука премиерот она прашање не треба да оди на дневен ред и да го расправаме сега, а предлагачот да го формулира во писмена форма и да се поднесе во постапка.

Сега да продолжиме со утврдување на дневниот ред.

Дали се согласувате ? (Не се согласуваат)

Предлагам пауза од 10 минути.

(По паузата)

Предлагам да продолжиме.

Предлагам да прекинеме со расправата што ја имавме бидејќи од предлагачот тоа е само како иницијатива. Предлагам ако дозволите да се вратиме на онаа прна идеја што се изнесе овде за 23-та седница да утврдиме само три точки и тоа:

1. Верификација на мандатот на Петре Трајаноски.

2. Предлог на Декларација.

3. Мислења и станови на Советот за прашања на народната одбрана во врска со упатувањето на регруг од Република Македонија во ЈНА за месец септември 1991 година.

Сите други точки и сите предлози да бидат расправани на 24-та седница и да се договориме да ја закажеме за 23 во понеделник

Дали се согласувате? (Се согласуваат)

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа сакам да Ви честитам на Нашата бодрост, сепак е многу доцна ако веќе се согласуваме тие три точки да одат и јас го давам мојот глас "за" а од предложениот дневен ред за кој имаме секаков материјал потребен, предлагам сепак барем две точки да уфрлиме сосема кратки. Тоа е предлогот за донесување на Закон за телеграфска агенција ТАМ и предлогот за донесување на Одлука за отстранување на фотографиите од Собраниево.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да не се прифати она. Она во понеделник да го разгледаме.

Дали се согласувате?

Можам да констатирам дека се договоривме така. Молам, да гласаме.

Кој е за да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали е некој против? (дна)

Дали некој се воздржува? (четири пратеници)

Според тоа, се договоривме 23-та седница да има само три точки и тоа:

1. Верификација на мандатот на новоизбраниот пратеник Петре Трајаноски.

2. Предлог на Декларација што по повод плебисцитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна македонска држава треба да ја донесе Собранието на Република Македонија.

3. Мислења и станови на Советот за прашања на народната одбрана во врска со упатувањето на регрути од Република Македонија во ЈНА за месец септември 1991 година.

Констатирам дека дневниот ред за 23-та седница е утврдев. Се друго оди во расправата по дневниот ред што ќе ја обавиме на 23 септември 1991 година по 24-та седница.

Минуваме на **точката 1**- Предлог за верификација на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија Петре Трајаноски.

Извештајот и Уверението на Републичката изборна комисија, како и извештајот на Комисијата за мандатно- имунитети прашања ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој):

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот за верификација на мандатот на пратеникот Петре Трајаноски го станам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Мнозинството пратеници)

Дали е некој против? (Четири)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека на пратеникот Петре Трајаноски му е верифициран мандатот.

На пратеникот Петре Трајаноски му пожелувам успешна работа во Собранието на Република Македонија. (Аплауз).

Минуваме на **точка 2** - Предлог на декларација што по повод плебисцитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна македонска држава треба да ја донесе Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Декларацијата и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се поделени.

Предлагач на текстот на Предлогот на декларацијата е Комисијата за општествено- политички систем.

Отворам претрес.

Го молам известителот на Комисијата за општествено- политички систем да земе збор.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Во интерес на времето со оглед на тоа дека Ви е поделен текстот на Декларацијата, а воедно Ви е поделен и Извештајот на Комисијата за општествено- политички систем на Собранието на Република Македонија,само неколку напомени врзани за онаа Декларација. Со онаа Декларација се констатира дека со референдумот одржав на 8 септември плебисцитарно граѓаните на Македонија го дадоа својот глас за Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна македонска држава со право да стапи во идев сојуз на суверени држави на Југославија? Онаа Декларација Република Македонија како суверена и самостојна држава се залага за доследно по тргување на општо усвоените принципи на меѓународните односи содржани во документите на Обединетите нации,

завршниот документ на ЌЕБС во Хелсиншката и Парискатa повелба. Со онаа Декларација вие ја искажуваме нашата спремност дека ги прифаќаме сите меѓународно- правни акти и врз основа на овие принципи Републиката Македонија е определена за сестран разној на добрососедски односи и соработка со сите свои соседи, како и за разној и соработка со сите европски и други земји, меѓународни организации и групации. Во онаа смисла Република Македонија е витално заинтересирана за вклучување во интеграционите процеси во Европа, како и за зголемено учество во билатералните и мултилатералните видови соработка во регионот под влијание на современите трендови се повеќе ќе се формира во интерес на сите земји и народи што живеат на овој простор. Република Македонија строго почитувајќи го принципот на неповредливоста на границите како гаранција за мирот и безбедноста во регионот и пошироко и овој пат ја потврдува својата политика на немање и неизразување територијални претензии спрема било која земја од своето соседство. Истовремено Република Македонија решително ќе се спротивставува на било какво непочитување и загрозување на нејзиниот територијален интегритет и суверенитет. Република Македонија строго ќе се придржува кон принципот проблемите во меѓусебните односи од било кој вид да се решаваат на мирен начин по пат на преговори и врз заемно почитување. Поаѓајќи од уставната определба за грижа за положбата на правата на деловните на македонскиот народ кои како национални малцинства живеат во соседните земји Република Македонија ќе продолжи да води политика која ќе се потпира врз меѓународните норми и чија основна цел и суштина е признавање и почитување на основните човекови права и слободи, а во тие рамки и на слободите и правата на Македонците кои како национални малцинства живеат во соседните земји. Република Македонија она го сваќа

како прашање што може да се разрешува исклучиво со мирни и демократски средства и во духот на европските и цивилизациските стандарди. Република Македонија свесна за своето место и одговорност како фактор на мирот и безбедноста на овој простор и пошироко ќе ги вложи сите свои сили и активности изградувајќи се како модерна и демократска републиказа доследно остварување на горенаведените принципи.

Во расправата на Комисијата беа укажани одредени забелешки на текстот кој да кажам за тоа дека го потврди Стручната служба, а кои се однесуваат на подобрувањето на текстот. Меѓувремево Ви е поделено Мислење, односно иницијатива за промена на одредени делови од текстот од Пратеничката група ПДП НДП. За тоа Комисијата не беше во можност да расправа. Па ве молиме во расправата по текстот на Декларацијата и овој дел да го имате во предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме сега вака, да расправаме на текстот кој минал на Комисијата, треба да имаме дадено овде амандмани.

Прво, предлагам да расправаме по амандманите, да ја видиме нивната судбина, а потоа ќе минеме на текстот.

Имаме амандмани од господинот Тодор Петров. Имаме дна негови амандмани кои се од редакциски карактер и предлагам да се земат тие дна негови предлози само како укажување на овој кој ќе го лекторира текстот, на Службата која ќе лекторира. Тоа е амандман I и II. Амандманот III предлагам да се прифати.

Дали прво предлагачот се сложува со ваква интерпретација. (Се согласува).

Молам кој е за овој предлог што го изложив во врска со амандманите на господинот Петров да крене рака? (Мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (Пет)

Дали некој се воздржува ? (еден)

Констатирам дека амандманот I и II ги упатуваме на оние кои ќе горе датираат текстот, посебно лекторот да води сметка за тоа и да направи по совеста. Она каде што се вели, зборот "Република" да се замени со зборот "држава". Дали се прифаќа? (Се прифаќа).

Незнам дали треба да стои "држава", сигурно треба да стои "државата", тоа треба да се членува. Да се види тоа како треба

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ќе направиме и грешка, дури овој амандман вака што го прифаќаме треба да се лекторира и да го овластиме лекторот да напише точно како што треба.

Тоа е во врска со амандманите на господинот Тодор Петров.

Имаме дна одвоени предлози од Пратеничката група на ПДП. Едниот амандман е прецизирање на другиот.

Ве молам, во амандманот има повеќе предлози да одиме во првиот текст. Со прната точка се предлага, после зборот "самостојна" треба да се изостави зборот "македонска" бидејќи граѓаните со гласањето на референдумот се изјаснија за суверена и самостојна држава. Да го видиме текстот и да видиме што можеме да понудиме.

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи се бара зборот "македонска" да се брише, сметам дека треба и предлагачот да го усогласи својот амандман со текстот на прашањето, а бидејќи прашањето гласеше "Дали сте за самостојна и суверена држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија", зборовите "Македонска држава" да се заменат како што гласи изворно во текстот на прашањето на референдум, "Самостојна и суверена држава Македонија". И во точката 1 и во точката 2 е истата забелешка. Сметам дека со тоа ќе го усогласиме и текстот на преамбулата и на точка 1 од Декларацијата со прашањето кое отиде на референдумот.

Меѓутоа, сакам да кажам дека ве мора придавката "македонска" да се сфати како синоним дека се однесува само за припадниците на македонскиот народ, ако вие сме и фактички утврдивме дека сме за

самостојна н суверена држава Македонија, фактички со придавката "македонска" ја докажуваме и државничката припадност на државата чија што самостојност и сувереност ќе ја градиме сите заедно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот е она да се преформулира, така?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Да, наместо "македонска држава" да стои "држава Македонија" и во едниот и во другиот случај.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Мислам дека укажувањето е праведно, но излегов само да дополнам дека при интервенцијата апсолутно ве се размислувало нити асоцирало дека "македонска" му припаѓа само на Македонците, но се работи за наименување држава Македонија. "Македонска" стилски и во граматиката е нешто друго, а називот е држава Македонија, бидејќи тоа е сериозен документ од извонредно значење треба и правилно да се наименува, а за духот или точноста која ја дополни господин Петров, јас сум му благодарен така и треба да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со тоа го апсорбиравме и вториот амандман, јас така го сфатив господинот Ешреф дека нема забелешки.

Дали се согласувате да се прифатат овие предлози?

(Повеќе гласови велат не, да гласаме).

Ќе гласаме, меѓутоа станува збор за тоа како се вика државата, овде треба да биде држава Македонија. Во Декларацијата правилно забележува

господинот Петров, она оди надвор и подобро е да стои како што се вика државата."

Кој е за амандманите, молам да крене рака.

**ДОСТА ДИМОСКА:**

Зошто поединечно ве гласаме.

**СТОЈАН АНДОН:**

Да гласаме за првиот амандман.

Молам, кој е за, нека крене рака, кој е за тоа да стои "држава Македонија"? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Десет пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Според тоа е усвоев овој амандман.

Одиме на вториот амандман, кој е од иста природа, да стои "држава Македонија".

Молам, кој е за, да крене рака.

(Во салата се слушна реагирање во смисла дека не знаат за што гласаат) .

Ист е вториот амандман, да стои "и самостојна држава Македонија", а не "македонска држава".

Кој е за, молам да крене рака. (65 пратеници).

Дали има некој против? (11 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Преминуваме на третиот амандман.

Тоа е во ставот 2 на точката 1, "после нона страница на македонската многувековна историја на Македонија".

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Го станам на изјаснување овој амандман.

Кој е за, молам да крене рака. (7 пратеници).

Дали има некој против? (Повеќето пратеници креваат рака).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Овој амандман не е прифатен.

Преминуваме на четвртиот амандман.

Јас незнам што мислите вие, за мене ве е она неприфатливо, само она не е содржина на онаа точка и на Резолуцијата. Она е определување спрема странство, спрема соседите, фактички ние декларираме не е нешто внатре сега со Уставот тоа се уредува, со онаа Декларација кажуваме каква ќе биде државата кон светот а не внатре.

Дали некој бара збор во врска со она?

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници).

Дали има некој против? (Повеќето пратеници креваат рака).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Значи, дел од амандманите се прифатени, дел ве се прифатени.

Сега одиме на текстот на Декларацијата. Дали некој бара збор во врска со текстот?

Има збор пратеникот Љубомир Јакимовски.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Еден сум од членовите на Комисијата за општествено- политички систем, која што е и предлагач на онаа Декларација. И на Комисијата го изнесов своето мислење, кое ќе го изнесам и овде и барам да се произнесе Собранието по нив.

Прво, сметам дека онаа Декларација како сепак значаен акт треба да биде составена од членови, а не од точки, член 1, член односно таа е

составена од шест членови. Потоа, мислам дека најдолу под Декларацијата треба да стои над потписот на претседателот на Собранието "Собрание на Република Македонија" и да се наведе до кои институции ќе биде испратена онаа Декларација, бидејќи таа првенствено е наменета за меѓународните односи на Република Македонија.

Околу текстот на Декларацијата мојот предлог на Комисијата беше третиот став од првиот член или точка да отпадне, а тоа е овој став: "Граѓаните на Македонија потврдувајќи ја досегашната политика на Република Македонија и натаму остануваат на своите неподелени категорички определби, кризата во Југославија и започнатите процеси на редефинирањето на републичката државност и сувереност на идната југословенска заедница да се решат по мирев и демократски пат". Сум за тоа да отпадне овој став од проста причина бидејќи тоа е веќе една чиста тавтологија, која постојано е во оптек тука во Републиката, незнам зошто онаа Република има толку потреба да се правда за се она што се случува во Југославија. Може да отпадне слободно, бидејќи сето тоа што го содржи овој член ваму го имаме во членот 2, потоа во членот 4, во членот 5 и во членот 6. Мирољубивата политика на Македонија е содржана во тие членови и така соголено вака јас предлагам овој член да отпадне.

Значи јас предлагам да се произнесе Собранието дали се согласува онаа Декларација да биде составена од членови а не од точки, потоа другите работи адресите и потписот на Собранието ги сметам за технички забелешки и третиот став од првиот член да отпадне.

**СТОЈАН АНДОН:**

Предлагам прво да се изјасниме дали да бидат членови или точки. Она е важен документ, предлагам да се прифати овој предлог, посвечено изгледа и тоа има своја практична вредност. И јас предлагам, му се придружувам, можеби малку навинам, а немам право од овде, затоа предлагам да се изјасниме.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака, наместо точки да бидат членови, член 1, член 2, член 3, член 4 и т.н. (Повеќето пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Еден пратеник).

Според тоа овој предлог на господинот Јакимовски е усвоен и треба да се устрои како што рековме членови, член 1, член 2, член 3, член 4, член 5, член 6.

Ако добие таков облик, тогаш содржината на членот 7 што ја предлага треба да биде посебен заклучок издвоен од Декларацијата. Тоа е веќе еден свечен документ, а со заклучок ќе се определи каде ќе се испраќа. Тоа може да биде овде дека ќе се објави во "Службен весник", само тоа, а каде ќе се испрати, мора со посебен заклучок да се реши, а да не влезе овде.

Значи членот 7 би бил дека се објавува во "Службен весник" и влегува во сила со девот на објавувањето.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Со денот на донесувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе се објави со денешна дата и тоа е решено.

Второ, овде да биде односно да стои претседател на Собранието, да се знае дека е претседател на Собранието, односно да се даде формата каква треба.

Има предлог ставот 3 да отпадне. Јас мислам дека можеме да го прифатиме заради тоа што содржината во првиот став од прната точка н во втората точка тоа го апсорбира, како и во четвртата точка. Тоа е сепак некое зајакнување, но декларациите обично се кратки и не треба премногу да докажуваме дека постои "топла вода". Станува збор за тоа да бидат кратки и неоптоварени.

Дали се согласувате и со она прашање.

Молам, кој е за, да крене рака. (Повеќето пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (7 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Повеќе нема амандмани.

Го станам текстот сека како што го утврдивме, сите амандмани се составен дел, сите промени се составен дел на текстот на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Повеќето пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (4 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Декларацијата е донесена во текстот што то утврдивме овде.

Преминуваме на **третата точка** - Мислење и станови на Советот за прашањата на народната одбрана во врска со уплатувањето на регрути од Република Македонија во ЈНА за месец септември 1991 година.

Овде имаме извештај на надлежната Комисија и Мислење на Владата, каде се поддржува и имаме амандмани од господинот Тодор Петров.

Она се станови на Советот и тешко да можеме амандмани да даваме. Треба Советот да се искаже дали ги прифаќа, Советот ве е тука и т.н.

Предлагам ако може господинот Тодор Петров да не инсистира на амандманите, а неговите"текстови нека бидат прилог на Владата, кога ќе ја операционализира работата нека води сметка и за тие работи.

Дали може така, господине Петров?

Добро, господинот Петров ве инсистира.

Да ги завршиме ставовите, но испуштивме, треба да донесеме посебен заклучок за Декларацијата.

**СТОЈАН АНДОН:**

Го замолив господинот Петров да пристане да ги упатиме на Владата како материјал кој ќе го користи во операционализацијата на овие станови. Во тој случај предлагам да гласаме за становите.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали некој има против? (Нема). Дали некој се воздржува? (Никој).

Сега да одиме на следниот начин. Да го донесеме следниот заклучок:

Собранието ги усвојува мислењата и становите на Советот за прашања на народната одбрана со кое Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да преземе конкретни мерки и активности за остварување на овие мислења и станови .

Овој заклучок заедно со мислењето и становите на Советот за прашања на народната одбрана да се достави до Владата на Република Македонија.

Кој е сега за? (Пратениците креваат рака)

Има ли некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (7 воздржани)

Според тоа констатирам дека Собранието го усвои овде предложениот заклучок.

Да одиме повторно на Декларацијата откога ја прифативме во текстот што овде го утврдивме предлагам Декларацијата да се достави до Европскиот парламент до Европската заедница, до Мировната конференција во Хаг, до сите амбасади на соседните земји до ЌЕБС, до

Претседателството на СФРЈ, Собранието на СФРЈ и до собранијата на другите републики.

Дали се согласувате?

Молам, кој е за да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (еден)

Дали некој се воздржува? (тројца)

Констатирам дека и овој предлог е усвоен.

Сакам да го изразам задоволството што ја усвоивме онаа Декларација, мислам дека таа ги омеѓи становите на нашата македонска држава Македонија, пред се во меѓународните односи и со тоа мислиме дека најавивме дека Европа добива уште една самостојна членка која наполно е построена по нејзините стандарди. (Бурев аплауз)

Бидејќи многу сме исцрпени предлагам да немаме точка пратенички прашања.

Дали се согласувате. (Се согласуваме).

Седницата е завршена.

Седницата заврши во 04,00 часот.